
Македонка





Славчо Димитров

ПОЛИТИЧКИ КОНТРАДИКЦИИ

Политичката субјективизација на жените преку АФЖ и „Македонка“: Еманципација, контрадикции, и афекти

Вовед

Почетокот и текот на ова истражување, на овој текст, се сместени во турбулентните испресекувања на различни сили, како на локално, така и на регионално и глобално ниво, кои ја конституираат сегашноста, насетена низ чувства, како густа сегашност, населена со нови авторитарни и фашистички тенденции и закани. Од враќањето на конзервативните, националистички, мизогини, етноцентрични, хомофобични сурови оптимизми во македонската стварност, преку глобалната исламофобија и расизам, геноцидот врз Палестинците и соучесничкиот молк на Европската унија, изборот на Доналд Трамп за претседател на САД, новите капиталистички колонијализации и екстракции на/во земјите од поранешна Југославија и глобалните антиродови мобилизации со нивните фашистички влажни соништа – мотивацијата за ова истражување беше во наоѓањето излези од затворот на сегашноста и создавањето желби и визии за иднината со неодредена и отворена потенцијалност надвор од разорната логика на светот на капиталистичкиот реализам, национализам, сексизам, хомофобија и колонијализам. Односно, да ги допре потенцијалите на „веќе-не-свесното“ како методологија на критичка херменевтика и репаративно читање што ја мобилизира перформативната сила на незавршеното минато (Muñoz, 2019), му служи на утописките „сè уште не-овде“ и ја одразува афективната динамика и нужноста од надеж (Bloch, 1996). Во духот на Марк Фишер, би сакал да ги разбудам сеништа на изгубените иднини, духовите на потфрлените ветувања

и незавршените утопии како антиципирачки илуминации на други можни светови (Fisher, 2014).

Во текстот се обидувам да ги анализирам формите на политичка субјективизација на жените во поствоениот период и нејзината дискурзивна, идеолошка, материјална и афективна артикулација преку списанието „Македонка“ како орган на АФЖ на Македонија. Мојата методолошка рамка му прибегнува на прашањето на субјективизацијата и на субјект, како отелотворен, сместен и конституиран во испресекувањето на проживеано мноштво од различни позиции и општествени релации, секогаш посредувани од различни дискурзивни формации, материјални практики, телесни и афективни конфигурации и идеолошки и желбени механизми (Blackman et al., 2008). Субјектот во оваа рамка не е нужно довршен, линеарен, тотален, транспарентен, предодреден, трансцендентален и безвремен, туку длабоко контингентен, историски отворен и подложен на различни политички производства и практики на артикулација (Mouffe, 1992; Scott, 1999; Laclau and Mouffe, 2001; Mari Smith, 2003; Hall, 2021). Иако оваа рамка му пристапува на субјектот низ постструктуралистичките и постмарксистичките теории, сепак, во мојот пристап, се обидувам да ја задржам и да ја промислам можноста и практичните услови за реализација на субјектот како процес на (само)трансформација, политички актер, чинител на еманципаторски политики и самоодредувачки дејствител, чиишто можности, позиционирање, себеразбирања, интерпретации и практики се коконституирани и зависни од историскиот хоризонт на дискурзивни, материјални и инфраструктурни можности (Negri, 1991; Weeks, 1998). Односно, да ја задржам тензијата помеѓу динамиката на subjectus/subjectum за којашто говори Балибар (Balibar, 2014; Montag and Elsayed, 2017) или двојното значење на поимот што го нудат извесни јазици, вклучително и англискиот и францускиот, со што процесот на станување агент, чинител, самоодредувачки и самосвестен актер е условено од материјално-дис-

курзивното поле и сили што ја потчинуваат индивидуата и со тоа ја прават субјективизацијата можна.

Уште поважно, кога зборувам за политичка субјективизација подразбирам исклучиво практики на колективна субјективизација, како единствениот начин на којшто индивидуите ги разбираат, артикулираат и трансформираат своите структурни позиции на потчинетост во односи на опресија и преку антагонизирање на општественото поле, ги креираат условите за (само)трансформација и изведбата и материјализацијата на нови светови (Frye, 1983; Weeks, 1998; Honig, 1992; Laclau and Mouffe, 2001; Dean, 2016).

Во мојот пристап се обидувам да ја земам предвид историската и контекстуалната специфичност на политичката субјективизација преку АФЖ и „Македонка“, без притоа да ја оценувам, валоризирам и критикувам исклучиво преку рамката на современите политички движења и политички родови субјективизации на современиот феминизам/и, на пример стратегиите на родова/полова разлика, диверзитет, автономна организација и застапување на партикуларни (женски) интереси, диференцирано граѓанство, деконструкција на женскиот субјект или, пак, застапување за полово специфични вредности како основи за критика на маскулинистички нагласеното разбирање на политичкото (Mouffe, 1992; Dietz, 2003; Benhabib и др., 2007).

Политичката субјективизација на жените преку дејноста на АФЖ ја разгледувам најпрвин како процес на верификација на еднаквоста и демонстрација на неправедноста преку која е организиран заедничкиот свет и неговите поделби и хиерархии на капацитети, битија, можности, време и простор. Во духот на Жак Рансиер, политичката субјективизација на жените во поствоена Југославија претставена во списанието „Македонка“ ја анализирам како судир, шок, средба и сопоставување на свет во светот, како политичка релација што е истовремено заснована и на негација и на афирмација на еднаквоста. Во оваа

рамка, се обидувам да ги читам интервалите на субјективизација, процесите на дезидентификација и меѓупросторите што ги окупираат или што им се нудат преку дискурсите и репрезентациите во списанието на жените.

Дополнително, на политичката субјективизација ќе ѝ пристапам како посредувана преку новата и историски специфична конјунктура и креација на хегемониска релација или нов историски блок со радикално демократски предзнак, при што интересите на жените влегуваат во синџир на еквиваленција со други демократски и антифашистички борби и барања и различни субјект позиции и општествени актери. Политичката субјективизација, одовде, ја анализирам во заземањето и артикулацијата на женскиот идентитет и интересите преку идентификацијата со субјект-позицијата на работниот народ, граѓанинот на социјалистичката република, единствениот народен фронт или револуционерниот субјект, претставен и кондензиран преку серија означители и симболи што се предмет на желбена и афективна инвестиција. Во текстот се обидувам да ги посочам конкретните дискурзивни, афективни и антагонистички стратегии преку кои се одигрува ваквата артикулација на женскиот политички субјект. Понатаму, иако артикулацијата на женскиот политички субјект преку универзалните народно-демократски означувачи и хегемониски претставници декларативно ја поддржува родовата разлика и специфика на интересите на жените, земајќи ги предвид историите на патријархална опресија, сепак, како што ќе аргументирам во текстот, оваа политичка субјективизација изобилува со контрадикторности. Помеѓу нив највидливо е постепеното бришење на родовата диференцијација и интересите, на плурализмот од позиции и барања, а во име на хегемониските политики на Комунистичката партија, класната политика и монолитското идентификување на народот, односно преку преминот од народно-демократски хегемониски проект кон популистичко-авторитарна демократија со патријархален признак.

Во последниот дел на текстот, како што ќе тврдам, доколку политичката субјективизација подразбира значителен степен на себеотуѓување, во смисла на постанувањето друг во однос на веќе постојните, здраворазумски и традиционално утврдени улоги, капацитети и простори регулирани од доминантниот (минат) режим и општествен систем, во тој случај, политичката субјективизација на жените преку АФЖ останува, во најдобар случај, недовршен и контрадикторен проект [не само поради прераното (само)укинување]. Во покритична смисла и неуспешен процес на субјективизација, бидејќи ги презема и ги репродуцира традиционалните предвоени модели на родова бинарност и поделба на трудот и можностите, и покрај иницијалните радикално политички дејства како изведба на претпоставка на еднаквоста и дејствувањето во полињата традиционално означени како машки. Со тоа, револуционерниот субјект станува агент на пасивна револуција, на реставрација на здраворазумските категории преку реформирање.

1. Политичката субјективизација како верификација на еднаквоста

Првиот број на „Македонка“, ноември 1944 година, ја изнесува на сцена – со перформативната сила на исказот, како раѓање, доаѓање на свет во постојниот свет на нееднаквост – политичката субјективизација на жената во Југославија и Македонија. Како акт што ја изразува и дејствува како полемичка верификација на еднаквоста, како несогласност и подругување (othering) на потчинетата и опресирана структурна позиција на жената и претпоставените капацитети за бивствување, работење, дејствување и мислење што ја следат таквата позиција. Главната уредничка на „Македонка“, Веселинка Малинска, вели:

> „Низ денешната народно-ослободителна борба македонската жена израсна во нов тип на жена. Народно-ослободителната борба разбуди во неја вековно потисканите сили за живеење, работење и градење. Нејзиното сестрано учество иако до скоро време не многу масовно, и нејзините успехи покажани на сите поља на борбата зборат за нова, веќе друштвено и политички равноправна 'Македонка'. Каква промена, чудна и голема е станала само кај македонската селанка, таја која што беше најзаостанала, најпоробена. До вчера не смееше да застане при мажите кога тија зборуеја, а денес во тие исти македонски села седи како рамноправна членка во народно-ослободителните одбори“[1].

За да ја разбереме радикалноста и историското значење на политичката субјективизација на жените во Југославија преку АФЖ и неговиот орган „Македонка“, како сопоставување, шок, влез, појава и потрес на свет во светот, предлагам да ѝ пристапиме преку политичката философија на Жак Рансиер за специфичната политичка релација како релација на поли-

1 „Нашиот пат“, *Македонка*, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 2.

тичка субјективизација, како средба на два состава на релации (Rancière, 1991, 1992, 1999, 2004, 2010).

Првиот состав на односи се скаменетите и седиментираните односи помеѓу идентификувани страни, групи и интереси, со доделени места и времиња на живеење и дејствување и соодветни капацитети и квалификации, како и регулирани перцепции, сензибилности и афективни склоности во однос на групата и нејзината место и занимање. Овој збир на односи е *логиката на полицијата* или полициската распределба на сетилното/смисловното. Овој поредок одредува кој е вистинскиот *логос* преку кој се дефинира и се дели човечкото битие како политичко животно, од една страна, и како постоењето на оние чиј говор е чиста манифестација на врева, звуци, болка и задоволство или „сравнување на жената со луд како што го правеа тоа големосрпските закони“[2], од друга страна. Вториот состав на односи произлегува од пукнатините и интервалите, од празнините и тензиите во односот помеѓу полицискиот поредок на општествено-политичка доминација и ја манифестира и демонстрира еднаквоста што е или вградена во правните документи или се претпоставува како факт што ја прави можна политичката заедница и политичката моќ на прво место, како одреден априоризам. *Верификацијата на еднаквоста* ја демонстрира и ја разбива оваа почетна поделба и на говорот и на времето и е манифестација на нови, реконфигурирани и редистрибуирани односи и посредувања во/на телото, неговите делови, органи и капацитети и неговите односи со други тела, со значењето, заедничките предмети и ресурси во заедничкото и јавниот простор, неговиот капацитет да користи говор и да демонстрира разум, неговиот капацитет за артикулација на значајни реченици и работи.

Преку реконфигурираниот состав на односи, жените кои се *делот што нема удел* во доминантната логика на броењето во предвоениот период, се истргнуваат од својот статус на мал-

2 Ibid.

цинство, „докажувајќи дека навистина му припаѓаат на општеството, дека вистински комуницираат со сите во заеднички простор“ и демонстрираат капацитет „што е исто така демонстрација на заедницата“ (Rancière, 2021, 49). Овој еманципиран состав на односи, заснован на еднаквоста, ја изнесува на сцена еманципираната жена, како „човек кој оди и зборува, се движи наоколу и разговара, ставајќи го значењето во оптек и промовирајќи го движењето на еманципацијата“ (ibid., 86). Како што вели извесна триесетгодишна Амдија Паша, родена во Качаник:

> „До нашето полно ослободување, т.е. со идењето на нашите партизани ние бевме заробени, бевме умрени и никој не мислеше дека ќе можеме еднаш да се разбудиме. Ама не стана така. Една година еве како сме слободни. Една година ние веќе се чувствуваме навистина како сосем други жени. Ние веќе гледаме на светот поинаку. 25 години сум живеела како затворничка, не познавав во Скопје ни четири улици. Една година веќе како се отворив и така отворена одам“.[3]

Политичката *логика на несогласност* преку која се конституира политичкиот субјект ги проблематизира дефинитивните и природните граници на логосот и она што се сфаќа и слуша како разумен говор, како и последователна поделба на разумното меѓу оние што зборуваат, размислуваат и се видливи, како оние што поседуваат капацитет да бидат присутни на заедничката сцена и оние чии зборови се лишени од чујност и сведени на чиста животинска врева, а чии тела, движења, желби, потреби и афекти се сметаат за невидливи, односно меѓу оние што дејствуваат и мислат и оние без удел. Целта на несогласноста преку која се процесира политичката субјективизација е прашањето „што значи да се биде суштество што користи зборови за да аргументира“, односно низ процесот на субјективизација делот што нема удел, или жените, се потврдуваат „како говорни суштества кои ги споделуваат истите својства како

3 „Ние ќе гласаме за Тито... за Републиката“, *Македонка*, год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 10.

оние што ги негираат“ (Rancière, 1999, xii-25) и ја демонстрираат еднаквоста и универзалноста претставувајќи се како „суштествата кои зборуваат универзално [и] припаѓаат на лингвистичката заедница“ (ibid., 57).

Фактот на издавањето на списанието „Македонка“ од страна на АФЖ во периодот од 1944 до 1952 година, како и пишувањето текстови, водењето расправи, артикулирањето на политичката аргументација, поставувањето на стратешки политички рамки низ пишани резолуции, промислувањето на постојните политики, објавувањето текстови со научна и медицинска содржина што воведуваат процеп со суеверните предрасуди и незнаење, печатењето песни, раскази, извадоци од романи и различни литературни текстови, носењето и споделувањето резолуции и дистрибуцијата на списанието до огромен број жени (за кои се претпоставува во логиката на потчинување дека немаат капацитет, време и место да читаат, мислат и расудуваат) – претставува основна верификација на еднаквоста на интелигенцијата и мисловниот и говорен капацитет, како иницирање на политичката субјективизација на жените во Македонија и сценирање, во јавниот живот, на несогласноста со поделбите на политичкото и во човечкото битие. Во оваа смисла, точна е констатацијата на Лидија Склевицки дека „пишувањето за женските списанија и пропагирањето на нивното читање значело повик за создавање на нов, активистички идентитет“ (Sklevicky, 1996, 30).

Несогласноста на политичката субјективизација, како што гледаме од повикот на главниот одбор на АФЖ до сите македонски жени со цел нивно активно учество на изборите за Уставотворното собрание во 1945 година, ја изложува грешката и неправдата со која жената „низ беда и немаштина не може да стапи здраво на нозе, да и не остане ни воља ни време за нејзиното културно уздигање нити пак да може да се занимава со политичка работа, да остане слаба и немокјна да се бори“ и „не беше сметана да е човек нити да има ’душа‘, се целеше да биде

сврзана чврсто за она које им одговараше поарно на некултурното и назадно средновековно мракобесие а пак во новото време да остане и понатаму во истото незавидно и тешко робство, да остане роб на мажот, децата и кујната и со това остане неука и некултурна“.[4]

Дополнително, и исклучително важно, значење во процесите на колективна политичка субјективизација и развивање на капацитетите за самостојно и политичко дејствување, расудување, одлучување и управување помеѓу жените, особено имајќи ги предвид високите проценти (над 80%)[5] на неписменост помеѓу жените (Божиновиќ, 1958; Gudac-Dodić, 2021), имаат, на прво место, континуираните аналфабетски курсеви во руралните и урбаните средини што ги организираат активистките на АФЖ, а потоа и културно-просветната и идејно-политичка едукација преку различни курсеви и читачки групи (Pantelić, 2011, а детално за образовните процеси види кај Дарко Леитнер-Стојанов, 2022). Ако описменувањето и образованието се поставени како нужни услови за остварување на рамноправноста и политичкото самоуправување, низ овие курсеви, жените од различни средини, етнички заедници и дејности, се стекнуваат со знаење за: различните органи на политичкото уредување, Уставот и законите, целите на НОБ и значењата на народноослободителните одбори и власт, идеолошката ориентација на социјализмот, актуелните општествено-политички реформи и процеси во индустријализацијата (како аграрните реформи и колективизацијата, Петгодишниот план за индустријализација и електрификација од 1947 година, елементи на самоуправувањето итн.), тековните глобални политички случувања, релациите на жените и фашизмот, искуствата на жените во СССР, организациските прашања и задачите на АФЖ итн. Несомнено е, особено имајќи го предвид изборот на темите и проблемите

4 Киро Георгиев-Дејан. „Демократските закони – гаранција за правата на жените“, *Македонка*, год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 5.

5 Н. Богданова. „Положбата на жените во стара Југославија“, *Македонка*, год. 5, бр. 51 (јануари 1949), стр. 6.

што се обработувале во овие курсеви, дека нивната функција во голема мера била одредена од идеолошките и хегемониските политики на Народноослободителниот фронт и Комунистичката партија. Но, оваа забелешка не може да го намали емансипаторското значење и влогот во процесот на осамостојување и политичко субјективизирање на жените, односно нивното претпоставување како еднакви субјекти/граѓанки во заедничкиот живот и управување заедница, што со себе ја носи политичкото образование и културно-просветната работа на АФЖ помеѓу жените.

Особено важно е дека, присвојувајќи ја еднаквоста како „ништо што е сè“ (Rancière, 1999), политичкиот субјект не создава или открива друг, повистинит идентитет што се крие зад потчинувањето на полицискиот поредок. Ако во овој процес е вклучена некаква идентификација што на заедничката сцена го носи политичкиот субјект, тоа е идентификација на нејзиното име со името на заедницата, заедницата на сите што ги делат слободата и еднаквоста како заедничка доблест и неквалификуван квалитет. Овој парадоксален процес на идентификација преку субјективизација е токму процес на дезидентификација од деловите и идентитетите што се распределени и дисоцијација во рамките на сопственото тело и капацитетите што му се припишуваат и ги сметаат за природни, па оттука и процес на *станување-друго*. Мноштвото примери што ги нуди списанието низ годините од многу жени кои ги впрегнуваат своите тела во напор и труд, на места и работни позиции, кои традиционално се сметаат за машки дејности, како несоодветни и неприродни за женското тело и неговите претпоставени можности – сведочат несомнено за процесот на дезидентификација со зададените тела, места и капацитети. Масовното учество на жените во процесите на изградба и реконструкција на земјата во поствоениот период, активното учество во ударничките бригади и акции, во изградбата на згради, мостови, патишта, железнички и различни инфраструктурни материјалности – а коишто се внимателно и посветено документирани низ фотографии,

лични искази и описи во „Македонка“, пред нивната читателска публика, но и пред нас – изведуваат на сцената нова и поинаква жена.

Нова жена која го раскинува и го реконфигурира своето тело и неговите моќи и односи со другите, како и седиментираната позиција во општеството. Ги гледаме телата чијашто наводна судбина е да седат затворени во домот како се излезени на улиците, седнати во работен ангажман во фабриките, напрегнати над раскопаните земјишта во заеднички напор со другите граѓанки и граѓани или збиени во работничките и социјални кореографии со други тела, а не како изолирани и послушни тела на розовото гето. Раката чијашто наводна природна судбина е да готви и да ги негува телата на најмладите и да ги угодува потребите на сопругот, добива нова функција и можности, видливи во интеракцијата на истата женска рака со машините и други технолошки простетики во процесите на производство, во силата со којашто ги втемелува материјалните инфраструктури и услови на заедничкиот живот во изградбата на новата држава. Или, пак, доколку реферираме на воениот период, „ја гледаме со бомба во рака, шмајзер и митралез, ја гледаме како јуриша на бункери со голи раци. Со една дума, она е равна на нашиот јуначен и славен борец“[6].

Во ова изместување на женските тела од нивните простори и места на потчинетост, политичката субјективизација се јавува во јазот на она што се претпоставува дека *е* и потенцијалот *да се биде поинаку* преку потврдување на еднаквоста, јазот помеѓу идентитетот што им е наметнат на жените како дел без удел и специфичниот погрешен број интереси, својства, квалитети, капацитети и афективност и диспозиции што ѝ се припишуваат, од една страна, и учеството во работење, дејствување, зборување, бивствување, поинакво чувствување, од друга страна.

6 Киро Георгиев-Дејан. „Демократските закони – гаранција за правата на жените“, *Македонка*, год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 5.

Субјективизацијата е еднаква на „капацитет за говор што претходно не може да се идентификуваат во дадено поле на искуство, чијашто идентификација е така дел од реконфигурацијата на полето на искуство“ (Rancière, 1999, 35). Така, едно тело е одвоено од својата наводна природност и етос, како начин на битие, и од соодветните начини на говор и временските организации, и преку субјективизацијата станува нешто друго, повеќе од она што треба да биде. Или, како што вели Кефсер Шукри во текст што зборува за „будењето на македонската муслиманка“: „Гледаш на таја слика пред тебе, и наеднаш помислуеш на старата македонска жена-на жената роб, и каква разлика! Рушејќи ги сите робски прегради нашата жена, во цврста заедница со другите жени на Југославија, знае зашто се бори и свесна е за своето место во слободниот живот“[7]. Слично, Албанката Хајрие Кокобобо, во свој говор на осмомартовскиот митинг во Скопје во 1945 година, пренесен во „Македонка“ ќе рече: „Албанската жена се сметаше меѓу најзаостаналите жени. Народно-ослободителната борба направи од неа друга жена (...) Денес она е рамноправна граѓанка во Македониа заедно со сите свои сестри...“[8]

Политичката субјективизација, одовде, станува изумувањето на *друѓа* преку дезидентификација и сведочи за моќта на хетерологијата, моќта на хетеронот (Rancière, 2010). Тоа е другоста што произлегува од пукнатините на полициската распределба на сетилното/смисловното, како преуредување на веќе постојните делови, капацитети, видливост, зборови и значења, како продукција на нови фикции на „како да“ (сме секогаш веќе еднакви), која ги крши правилата и режимите на кореспонденција, соодветност и природност. Политичкиот субјект е процесуалноста на бидувањето *ѿомеѓу*, „помеѓу неколку имиња, статуси и идентитети; помеѓу хуманоста и нечовечноста, граѓанството и неговото негирање; помеѓу статусот на човек со алатки

7 Кефсер Шукри, Македонската муслиманка се разбудуе, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 20.

8 „8 март 1945 во Македонија“, *Македонка*, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 9.

и статусот на битие што зборува и размислува“ (Rancière, 1992, 61). Односно, помеѓу „жената [која] не беше признавана како правен граѓанин“, чијшто живот е обележан со „незиното социјално бесправие (...) заврзана со челични синџири преку некој преживели и назадни обичаи и верски празноверици (...) приморна да остане затворена дома, без право да се просветуе и напредуе кон еден посветел и поправичен живот“[9] и новиот тип жена, жената како рамноправна граѓанка која активно учествува во општествениот, политичкиот, економскиот и културниот живот на новоформираната социјалистичка, демократска и федеративна Југославија.

Политичката субјективизација низ текстовите на „Македонка“ и говорите на различни членки на АФЖ се потврдува не само како факт и претпоставка на субјектот на правата што по првпат им се признаваат на жените како резултат на нивната борба и активно учество во војната туку, многу повеќе, и како процес и цел што бараат и налагаат континуирана демонстрација на несогласност, дисензус, граѓанска активност и трансформација на потчинетиот статус. Односно, како рамноправни граѓанки и колективен политички субјект кој е носител на права со уставна и законска гаранција, жените во текстовите на „Македонка“ и говорите на активистките на АФЖ ја отелотворуваат онаа хиперболична тензија и немир специфични за модерното граѓанство, а за која зборува Етјен Балибар, тензијата помеѓу конституираниот и конституирачкиот момент, помеѓу бунтот и институционалноста, помеѓу утописката, бесконечна негативност и позитивитетот на институционалните ограничувања (Balibar, 2014). Односно, „постојаниот бунт против препреките за реализацијата на просто формалните права“ (Montag and Elsayed, 2014, 8). Така, во првиот број на „Македонка“, читаме:

> „Тоа свое со борба извојувано право нашата жена мора да го затврди со своето масово најактивно и смело учеству-

9 Киро Георгиев-Дејан. „Демократските закони – гаранција за правата на жените“, *Македонка*, год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 5.

вање во целиот државен, привреден, политички, друштен и културен живот. Нејзиното учество во Народно-ослободителните одбори не смее да биде формално приложено равенство на жената, нити пак, од страна на жената пасивно пратење на работите. Жената ќе мора сосема да се ослободи од онаја низ вековното ропство создадена во нејзината психологија, несамосталнос и неиницијативнос. Во просветната, социјалната, здравната, поштанско-телефонската и други некои служби жената треба и може да земе најактивно учество во нивните организирања, раководења и исполнуења. Да стане македонската жена смел градител на нашата држава тоа значи да ги затврди сите оние придобивки на борбата што осигурујат срећен и радостен живот на нејзините деца и неја самата“[10].

Оваа и слични изјави низ многуте броеви на „Македонка“ сведочат дека прашањето на политичката субјективизација не подразбира редуктивен, пасивен и легалистички однос кон еднаквоста, што би ја скаменило во апстрактното право. Напротив, станува збор за суштинско и континуирано демонстрирање на еднаквоста како основа за животот на политичкиот субјект. Демонстрирање што ги опфаќа и ги испресекува сите сегменти за заедничкиот живот, а особено политичкиот, и активното учество и креирање на политичките услови на живеење и градењето на државата.

Несомнено, ова инсистирање во заднината ја има и свеста дека правното регулирање на еднаквоста не е доволен услов за еднаквиот живот, бидејќи новото општество сè уште е значително одредено од „едно штетно мислење не само кај добар дел на мажи туку и кај повеќето жени дека тие не треба да одат на работа а пред сè да бидат посветени на куќата, децата, мажите“[11]. Оваа ситуација ја потврдуваат (иако за тоа малку, речиси воопшто не се зборува во броевите на „Македонка“, проблем за

10 Веселинка Малинска. „Да го зајакнеме Антифашистичкиот фронт на жените во Македонија“, *Македонка*, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 10.

11 „VII пленум на Главниот одбор на АФЖ на Македонија: Нашата работа и нашите задачи“, *Македонка*, год. 8, бр. 83, (декември 1952), стр. 4.

кој ќе стане збор понатаму во текстот) и мноштвото извештаи од локалните секции на АФЖ што укажуваат на истрајноста на патријархалните ставови и експлоатација на жените, како во семејството, така и во земјоделската и индустриската работа, особено во руралните средини во Македонија (Bonfiglioli), но и на „назадните и некадарни гледишта“ кај многу од машките членови на Партијата (Sklevicky, 1996, 36; Woodward, 1985, 229).

Дополнително, низ говорите и текстовите во „Македонка“ станува јасно дека нееднаквоста не подразбира исклучиво отсуство на соодветни правни механизми за гаранција и заштита, иако тие, како и нивното отсуство, но подразбирање, се минимален услов за нејзина верификација. Многу повеќе, како што инсистира Рансиер, човековите права се „правата на оние што прават нешто од таа инскрипција, кои одлучуваат не само да ги ’користат‘ нивните права туку и да изградат ваков или онаков случај за верификација на моќта на таа инскрипција“ (Rancière, 2004, 303), односно дека силата на правата „лежи во наизменичното движење помеѓу првичната инскрипција на правото и дисензуалната сцена на којашто се тестира тоа“ (ibid., 305). Имајќи го предвид ова, станува јасна процесуалноста и незавршивоста на политичката субјективизација на жените, особено кога 80 години по првиот број на списанието, читаме дека:

> „Без таа секидневна и систематска активизација [на жените] ние не ќе можеме да ја постигнеме целта, затоа што само со секидневно активно учество во политичкиот живот, со секидневно и систематско освојување на позициите на активен социјалистички граѓанин, можеме да рачунаме на нејзиното право растење и заземање на она место кое ѝ припаѓа“. [12]

12 „Учеството на жените во одборите на народната власт“, *Македонка*, год. 8, бр. 83, (декември 1952), стр. 10.

2. Жените, хегемонијата и конструкцијата на народниот субјект

Во досегашниот тек на текстот и аргументот се обидов да го прикажам аспектот на политичка субјективизација како верификација на еднаквоста и процес на себеподругување, односно трансформација на постојните релации на потчинетост/субординација во релации на опресија преку мобилизацијата на демократската претпоставка за еднаквост и слобода на сите (Laclau and Mouffe, 2001). Сега би сакал да се свртам кон разбирање на дискурзивните посредувања и релации со другите социополитички сили во општество во криза, а преку коишто се *артикулира* субјективизацијата на жените. Односно, да ја земеме предвид дискурзивната надворешност што го посредува субјективизирањето на жените и преку која жените како потчинета група ја разбираат својата структурна позиција на потчинетост преку специфични системи на нарација, ги дефинираат линиите на блокада на замисленото идентитетско себеисполнување и антагонизам, му даваат смисла на светот и заедничкиот живот, ја разбираат политичката борба и своите интереси и градат однос со другите историски сили во општеството (Mouffe, 1992; Laclau and Mouffe, 2001; Papadopoulos, 2008; Hall, 2021). Оваа перспектива е исклучително важна доколку се земе предвид специфичниот историски контекст обележан со длабока органска криза на целокупното општество и нејзините дислокациски ефекти врз различните претходно постојни идентитети и, следствено, нивната отвореност кон различни материјално-дискурзивни проекти и сили на артикулација, кои работат на „продлабочување на идентитетската криза преку понатамошно подривање на режимот што паѓа, конструирање на нова рамка за идентификација и претставување на таа рамка

како истата да го прелева теренот на легитимни дискурси“ (Mari Smith, 2003, 165).

Имајќи го ова предвид, мојот аргумент е дека политичката субјективизација како верификација на еднаквоста и (себе) трансформација не се одвива по автономна и идентитетска линија, односно на жените *како* жени, туку преку градењето „ланци на еквиваленција“ со други потчинети групи и слоеви во општеството, како дел од поширок хегемониски проект на изградба на народот и нова колективна волја/субјект. Односно, конструкција на нов историски блок под морално, општествено, политичко, економско и културно водство на Комунистичката партија и наративот за класата и социјализмот, како дискурзивни рамки на разбирање на еднаквоста и слободата, а во рамките на широкиот Народноослободителен фронт. Политичката субјективизација на жените, одовде, е „сврзана со општонародното, делото на целиот македонски народ“[13], при што, „сочувувањето на слободата на својот народ, значи човечки рамноправен живот на жената, значи мирен, среќен и весел живот за нашите деца“[14]. Или, како што можеме да прочитаме, југословенската жена уште во времето на војната:

> „разбра дека патот и е обележен и дека своите права ке ги добие само тогај, кога и сите наши народи и сите наши слоеви ги добиат правата за еден поарен, посветел, почовешки живот. Разбра таја дека само преку народното востание и вооружена борба против окупаторот ке ги добие тие права. Со секоа борба, со секое јуришање на бункери, со секое спасавање на раненият борец, со секоа нова саботажа над непријателските места, нашата жена, нашите бракја татковци, другари ги печалиа правата на слободен и срек ен живот за сите наши народи, за нашите жени и деца“[15].

13 „Нашиот пат“, Македонка, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 2.

14 Ibid., стр. 3.

15 Деса Миљовска. „Како го спечаливме правото на глас“, *Македонка*, год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 7.

Односно, ако во текот на Народноослободителната борба против фашистичкиот окупатор, како што тврди Вида Томшич, жената станува субјект на сопственото ослободување, тако што жените „во практиката, почувствувале дека патот кон потполна женска рамноправност е патот на сопствена акција и сопствено учество во заедничката борба на целиот народ, за целокупната народноослободителна и демократско-револуционерна програма“ (Томшич во Pejanović, 1984, 126), оваа стратегија ќе биде од огромно значење и за повоениот период во процесот на политичка субјективизација на жените (Pejanović, 1984, 126).

Демократската и политичката субјективизација на жените, како што ќе видиме, не се одвива по *логиката на изолирана автономна и партикуларна борба* (или она што во денешен политички жаргон би го нарекле „политика на идентитет“ или „политики на разликата“) што повлекува ограничена антагонистичка линија (против патријархатот, историската улога и отелотворување на машкоста, истакнување на женски вредности како основа за превреднување и рекомпонирање на главните политички категории и практики итн.), туку како себеконституирање низ *народната* (или народно-демократска, која, ќе видиме подоцна, се прелева кон авторитарно популистичка или етатистички-авторитарна) *субјект-позиција* што го „дели единствениот политички простор во две спротивставени полиња“ или „антагонистички кампови“ и ефектуира еквиваленција на мноштвени демократски позиции и борби (Laclau and Mouffe, 2001, 131-137). Како што забележува и Тијана Окиќ, жените, „свртувајќи го грбот на традицијата која ги оневозможувала нивните сили (...) станале она што е потребно за слободата на народот и револуцијата“ (Okić, 2016, 165).

За да го елаборирам овој аргумент потребни се неколку дополнителни појаснувања околу методолошката рамка и концептите преку кои му пристапувам на проблемот, особено концептот на хегемонија и хегемониска релација, како својствен во конституирањето на заедницата, народот или на кој било

политички, па оттука и колективен субјект или колективна волја. Хегемониската релација го подразбира издигнувањето и изедначувањето на одредени претстава, симбол, универзализирачка, а партикуларна, содржина или политичка волја со целината на политичкиот простор и заедницата. Односно, воспоставување и артикулирање на општествениот поредок и тоталитет преку одредени содржини што ја отелотворуваат универзализарачката функција на интегрирање на заедницата и претставување на народот. Антонио Грамши го користи концептот на хегемонија за да означи двојна перспектива, заснована на Кентаурот на Макијавели – полуживотно и получовек, како мешана форма на владеење, вклучувајќи и согласност и сила, ограничување и спонтаност. Хегемонијата за Грамши е интелектуално и морално лидерство спроведено од општествена група или класа, кое дифузира мешавина од вредности и идеи низ граѓанското општество и државата, кои се споделени од и поминуваат низ различни општествени сектори и која на тој начин артикулира колективна народна волја или политички субјект. Во случај на хегемонија, големите маси на население даваат согласност за владејачката и доминантна група и за насоката што ја дава оваа група за трансформација и организација на општествениот живот (Gramsci, 1971, 12). Лаклау и Муф го позајмуваат лаканскиот концепт на „вкотвувачка точка“ или главен означувач, „нодални точки“, во нивната терминологија, за да означат одреден елемент што ја презема функцијата за универзализација и структурирање во дискурзивното поле на игра на разликите.

Со хегемонијата, Грамши развива политичка стратегија што ќе создаде нов историски блок на различни општествени сили, на таков начин што една од субалтерните групи во општеството, како резултат на специфичниот историски и контекстуален престиж што го ужива меѓу групите, ја презема улогата на хегемонистичка и доминантна група и ја воспоставува својата „автономија наспроти непријателите што мораа да ги поразат“

и добива „поддршка од групите кои активно или пасивно им помагале“ (ibid., 53). Освен преструктуирањето на економијата и создавањето на нови технологии, од најголема важност во концепцијата на Грамши за хегемонијата е етичко-политичката реартикулација на здравиот разум (senso commune, common sense) или „општата концепција за животот, филозофија“ (ibid., 104), светоглед или идеологија како цемент на новата хегемонија како материјална практика отелотворена во институции и апарати, која би ја насочувала и конституирала општествената активност во радикални промени. Хегемонистичката сила на тој начин станува носител на нова култура. Радикалната трансформација на концептот на хегемонија во делото на Грамши е донесена преку неговото инсистирање дека артикулацијата на новата хегемонистичка народна волја вклучува создавање на солидарност и единство не само меѓу членовите на истата професионална група на корпоративно-економско ниво туку и на универзално рамниште, со другите подредени групи на таков начин што ќе ги надмине ограничени и корпоративни интереси на хегемонистичката група.

Политичката логика како хегемониско „рекомпонирање“ е „одговор на дислокација на структурата“ (Laclau, 2000, 40-44), како настан што ја нарушува репетитивната логика на доминантните и седиментираните општествени поделби, го отвора субјектот и општествената структура кон нејзините контингентни граници и го разбива начинот на постоење на субјектот. Преку ефектите на дислокација, како искуство на криза – што е особено радикализирано во контекстот на НОБ и поствоената ситуација, како резултат како на штетите нанесени врз земјата, така и на геополитичките и локалните динамики на односи помеѓу различни историски сили – позициите на субјектот се доведуваат во прашање и се отвораат кон спорни форми на дискурси и идентификации како алтернативни форми на организирање на искуството. Во ваков контекст, со оваа перспектива, хегемониската релација ја разбира „политиката не [како] игра

на моќ меѓу веќе конституирани субјекти; политичките борби се првенствено борби за производство на субјекти“ (Laclau and Mouffe, 2001, 68).

Во процесите на хегемонија, како логика на политичкото и политичката субјективизација, Лаклау и Муф поставуваат четири структурни елементи, преку кои ќе го следам и процесот на субјективизација на жените преку АФЖ и материјалот што го нуди „Македонка“. Првиот структурен елемент е поврзан со нестабилниот и напнат компромис помеѓу *логиките на разликата и еквивалентноста* или посебноста и универзалноста, елаборирани во работата на Лаклау и Муф како јадрото на граматиката на дискурзивната онтологија и реторичките трополошки движења што водат кон воспоставување односи на еквивалентност и расцепување на посебностите или општествените барања во процесот на производство на народен субјективитет. Вториот елемент во политичката логика е *дихотомизацијата на општествениот простор во два табора*, кои произлегуваат и ги овозможуваат односите на еквивалентност, односно идентификација на угнетувачкиот систем и „општото злосторство“ во општеството симболизирано како она што блокира во општеството и одредени идентитети и општествени групи од совпаѓање со себе и постигнување полнота. Ова е токму *логиката на антагонизмот*. Третото ниво е поврзано со проблематиката на претставувањето, *генерализацијата на релациите на претставување* или издигнувањето на универзалното народно означување преку симболи, господаречки означувачи или тенденцијално празни означувачи. Поврзана со последната структурна карактеристика е *фантазматичната логика на радикално афективно вложување* во невозможниот објект што ја означува полнотата на општеството.

2.1. Синџири на еквиваленција и обединување во колективен политички субјект

Првиот чекор кон воспоставување на еквиваленцијата помеѓу различни борби и искуства на опресија е на рамниште на порамнување и обединување на различните женски структурни позиции на опресија во единствен антагонизиран политички женски субјект, јасно видливо преку интерпелацијата и повикувањето на различните женски субјект-позиции во различни акции и мобилизации од страна на АФЖ во поствоениот период[16]. Односно, повлекување еквиваленција помеѓу искуствата на жените од различните етнички малцинства и народности (Албанката, Турчинката, Влаинката, Ромката итн.), жените работнички, селанките, домаќинките, чиновничките, интелектуалките и жените со различни политички афилијации и убедувања, со јасно исцртана антагонистичка граница, како конститутивна надворешност што го посредува единството на женската колективна политичка субјект позиција, а на чијашто друга страна стојат сите фашистички елементи од минатото и сегашноста на повоениот период. Како што можеме да прочитаме во првиот број на „Македонка“:

> „бездруго и веднаш треба да го создадеме единството на сите жени во Македонија без оглед на различни политички гледања, вери и народности, без оглед да ли порано биле србоманки, бугарофилки или гркоманки, единство на сите Македонки-православни и муслиманки, Албанки, Влаинки и Турчинки, сите селанки, работнички, интелектуалки и домаќинки, – сите што се чесни родољубки и сакат да помогнат на борбата, сите што своите раце не ги закашкале со народната крв (...)што пошироко и поцврсто единство меѓу жените, толку посилен и поплодоносен антифашиски фронт на жените, толку појак и помоќен Народно-ослободителен фронт, толку посигурно полно

16 Главен одбор на АФЖ. „Мајки, жени и сестри од Македонија, работнички, селанки, домаќинки, чиновнички!“, *Македонка*, год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 1-2.

> постигнување и сочувување на придобивките на денешната борба (...) Ама истовремено, градејќи го това единство меѓу македонските жени, ние ќе се бориме против секаков опит да некои шпекулантки и со темно политичко минало жени внесат смут во нашиот фронт и го разбијат нашето единство“[17].

Понатаму, упатувајќи на искуствата на опресија во времето на монархистичката Југославија, текстовите во „Македонка“ исцртуваат синџир на еквиваленција помеѓу диференцијалните и демократските барања на жените и нивните страдања со искуствата и барањето на различни сегменти од популацијата, конструирајќи, на тој начин, народно барање или обединување во колективен политички субјект. Кога барањето на жените влегува во еквивалентен однос со другите постојни барања во дадено општество, тоа отстапува дел од својата специфичност, а со тоа и дел од својата диференцијална позиција, со тоа што го изнесува на преден план она што е заедничко за различните барања и борби, а тоа е токму предуслов за изградбата на хегемонистичката врска и институирањето на народот како нов субјект на политиката.

Социјалната неправда со којашто се погодени жените не е само дискурзивна рамка преку којашто се артикулира нивното барање и борба, интерпретирање на искуството на потчинување и блокадата на сопствената реализација и полнота (како социјална, класна перспектива и наратив на потчинувањето) туку и неправда „со која беше погоден и целиот работен народ“, додека сите пречки со коишто се соочувала жената, „беа поставени со намерение прво да биде што повеќе експлоатисана заедно со работникот и селанецот и како второ да има што помалку расположливи сили да му помогне на својот другар работник, кој се бореше под тешки условија за своите пра-

17 Веселинка Малинска. „Да го зајакнеме Антифашистичкиот фронт на жените во Македонија“, *Македонка*, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 9.

ва“[18]. Според тоа, еквиваленциите се резултат на блокираното битие, недостатокот што ги проникнува различните елементи и барања, а не е позитивна карактеристика што лежи во основата и ја налага нивната обединувачка операција.

За разлика од предвоените наративи, стратегии и дискурзивни артикулации на женското прашања, она што членките на АФЖ го карактеризираат како „феминистички илузии за правата на жените“ поради нивното автономистичко, издвоено и недоволно класно освестено движење, во повоениот контекст се става во рамка на универзалното прашање на демократијата и слободата и еднаквоста на сите. Односно, „прашањето на демократијата нераздвојно за вистинска а не само формална равноправност на жените, а равноправноста на жените не може да биде постигната ако во земјата вистина не владее права демократија“[19].

Меѓутоа, покрај еквиваленциската логика на конституирање на народно-демократското единство, низ текстовите на „Македонка“ честопати се следи и каузалната логика како основа за изедначување на историите на опресија. На тој начин неправдата и експлоатацијата на жените, нивното држење во мракот на неписменоста ја повлекува и неправдата на младите луѓе во општеството, врз основа на претпоставката дека мајката има клучна улога во воспитувањето на своите деца, па следствено, „во неизината изостаналост се намераваше да нашата младина изостане, да не биде добро воспитана и узгаена во дух на прогрес, напредок и борба против мракот“[20]. Како најизразит пример на ваквата тенденција на логиката на еквиваленција кон каузалистичката логика што се стреми кон подредување на различните демократски барања под логиката на

18 Киро Георгиев-Дејан. „Демократските закони – гаранција за правата на жените“, *Македонка*, год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 5.

19 „Значението на остваруењето на демократскиот сојуз на жените од целиот свет“, *Македонка*, год. 2, бр. 14 (декември 1945), стр. 3.

20 Киро Георгиев-Дејан. „Демократските закони – гаранција за правата на жените“, *Македонка*, год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 5.

една борба или извор/логика на опресијата е полето на однос помеѓу класата и родот, при што еквиваленцијата се сведува на нужен ефект на генерализацијата и обединувањето предизвикана од сеопфатниот објаснувачки фактор на класата.

2.2. Антагонизам, поделби и субјективизација

Следејќи ја граматиката на политичката хегемонија и субјективизација на Лаклау и Муф, логиката на еквивалентност ги поткопува диференцијалните логики на воспоставените општествени поредоци, а еквивалентниот синџир е воспоставен како радикална негативност надвор од какви било објективни определби или позитивни и суштински идентитарни основи. Меѓутоа, оваа операција станува можна само преку исцртување граници, поделба во рамките на општествениот тоталитет и означување на радикална надворешност како извор што го спречува целосното остварување на диференцијалниот идентитет. Преку дихотомската конструкција на општественото како медијација што дискурзивно го означува присуството на угнетувачки режим или олицетворение на општото злосторство според зборовите на Маркс, антагонизмот го овозможува конституирањето на народниот фронт, или општата жртва, како еквивалентност на плуралноста на барањата и на системот на разлики (Marchart, 2018, 25). Новиот народен субјект и хегемониски блок (Народноослободителниот фронт) воспоставен на овој начин ефектуира одредено затворање и артикулација на хетерогени елементи во една значајна целина, односно нова дискурзивна почва при реинституирање на општеството преку линиите на поделба.

Клучната демаркациска линија што го обележува антагонизмот и исклучената надворешност преку која се конституира новиот политички субјект е фашистичката окупација, како кондензација на сите вредности и искуства врзани со фашистичката идеологија и практика, вклучително национализмот,

шовинизмот, големодржавничките тенденции. Наспроти ова стои идеалот на братството и единството. Патријархалноста, империјализмот, расизмот, но и „стара Југославија“[21], односно „монархофашистите на крал Петар и неговата компанија“ кои се истовремено и „оспорителите на женското право за активно учествие на жената во културно-просветни и политички живот, право да бира и да биде бирана“[22] се извори на масовната неписменост на жените и претставници на унитаризмот, капитализмот и буржоазијата (Jović, 2004), наспроти кои се конституира политичкиот идентитет на новите граѓанки. Имајќи ги предвид загубите и девастацијата врз животот на околу 1.700.000 луѓе кои се убиени (од кои 9.000 комунисти) во времето на окупацијата, 530.000 луѓе кои се раселени, 320.000 луѓе кои ги преживеале хорорите на логорите, инфраструктурните штети и уништувањето на околу половина милион згради што ги афектираат животите на сите граѓани – јасно е дека фашизмот е клучното политичко зло наспроти кое се случува обединувањето на народот како антифашистички субјект, а следствено и артикулацијата на женскиот политички субјект како антифашистички. Затоа што фашизмот е „најголем непријател на слободата на жените“[23]. Политичката субјективизација, дополнително, бара активна, постојана и будна борба со остатоците на фашистичките елементи во сѐ уште кревката легитимност на новата власт и новата држава, а таквите луѓе, како што посочува Тито во неговото обраќање на првиот конгрес на АФЖ, кој се одржува во Белград од 17 до 19 јуни 1945 година:

> „требе немилосрдно да се чистат, они не можат да бидат носители на народната власт. Они се носители на омраза и непријатели на оние тековини кои ние сме ги спечелиле во борбата. Они требе да се исфрлат. А вие жените се

21 Н. Богданова. „Положбата на жените во стара Југославија“, *Македонка*, год. 5, бр. 51 (јануари 1949), стр. 6.

22 Шукри Рамо. „И Туркинјата ќе гласа“, *Македонка*, год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 8.

23 „Како настанал мегјународниот женски ден 8 март“, *Македонка*, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 24.

навогјате сегде. Се обрнуам до вас да бидете и вие будни. И да помогнете да се уцврсти власта на тој начин што ке ги чистите оние који пречат да се уцврсти народната власт (...) Борете се против секого кој сее омраза било против кого од нашите народи“[24].

Посветеноста на континуираната антагонизација на општественото поле и детекцијата на потенцијално опасни антагонистички елементи што демнат како (секогаш веќе) присутен ризик од трансформација и преозначување на различните незадоволени барања и борби сфатени како „лебдечките означители“ и се закануваат на хегемониското водство и конституирање на народот, укажува, симптоматски за специфичната, но потисната, свест кај активистките на АФЖ и Комунистичката партија. Имено, дека одлуката за конституирање на разграниченият систем на означување, колективниот значаен начин на живот, секогаш се донесува преку силата на антагонизмот и исклучувањето или потиснувањето на другите постојни можности, кои стануваат заборавени и седиментирани како социјална логика на рутинизација. Како таков, додека ја претставува разлика „ние/тие“, антагонизмот сведочи, од една страна, дека артикулацијата на колективното „ние“ е онтолошки врзана за неговото „конститутивно надворешно“ што како прогонувачко сениште продира во неговото најдлабоко битие, а од друга страна, дека работите секогаш би можеле да бидат поинаку и дека антагонизмот е можност секогаш присутна на хоризонтот (Mouffe, 2013, 5). Во оваа линија можеме да ја разбереме и еквиваленцијата што се поставува помеѓу т.н. буржоаски феминизам или „феминистичкото сектарење“, монархистичкото минато на Југославија и капитализмот, кои се поставуваат на спротивниот камп на антагонистичката линија, како услов за конституирање на жената како социјалистичка граѓанка посветена на заедничкото добро на новата држава. Односно, потребата од, симптоматски, постојаното исклучување на можноста женската борба

24 Л. С. „Првиот конгрес на Антифашистичкиот фронт на жените од Југославија“, *Македонка*, год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945), стр. 2.

да добие друго значење од она што го стекнува преку тековното исцртување на антагонистичкиот фронт и следствената политичка субјективизација, како свест за нестабилноста на границите и нефиксираноста на политичките идентитети и артикулираните субјект-позиции.

Фашистичката идеологија и вредностите и означителите на монархистичкиот политички режим на стара Југославија особено се нагласувани во текстовите на „Македонка“ во првите две години по ослободувањето на земјата, бидејќи субјект-позициите што носат истории на искуство на насилство и опресија под овие два режима се мноштвени и овозможуваат колку што е можно помасовна мобилизација и еквиваленција помеѓу различни барања и борби во рамките на Народноослободителниот фронт. Во периодот по зацврстувањето на власта на Народноослободителниот фронт, и особено Комунистичката партија, забележливо е заострување на антагонистичката линија и во однос на западните империјалистички сили и капитализмот, а во интерес на социјалистичката политичка идеологија како идентификациска матрица за политичка субјективизација. Втората половина на 1948 година, односно по носењето на озлогласената резолуција на Коминформата во Букурешт и судирот помеѓу Тито и Сталин, антагонистичката линија повторно се поместува и ја носи идентификацијата со посебен и уникатен вид социјализам, обележан со самоуправувањето, неврзаноста, конфедерацискиот федерализам и засилената поддршка за Тито (видлива особено преку доминацијата на визуелен материјал, говори на и текстови за Тито во „Македонка“ по втората половина на 1948 година), а наспроти бирократизмот, силната држава и централизираната политичка структура на СССР (Jović, 2004; Ramet, 2006).

2.3. „Единствен раководител на работните маси од нашата земја"

Заедницата што се креира преку еквиваленција и имплицираната антагонистичката линија претставува чиста идеја за комунитарна полнотија што е отсутна и како таква не може да има означител, концепт, збор или тело. Односно, за да биде еквиваленциска, а не уште една разлика меѓу многуте разлики, таа нужно поминува низ и е посредувана од одредена партикуларност, позајмувајќи ги идеите, вредностите, поплаките и визиите од одредена група и на тој начин станува контаминирана универзалност. Една разлика од синџирот еквиваленции се издигнува на ниво на достоинство, претставувајќи ја универзалната заедница, додека ги разлабавува своите диференцијални означени содржини со цел да ја прошири својата репрезентативна функција што пошироко низ општествениот простор и да ги трансформира во празни означители. Празните означители (како слободата, демократијата, правдата, еднаквоста, мирот, редот итн.) ја отвораат можноста за проширување на репрезентацијата, на тој начин што додека ја катализираат хегемонистичката универзализација на одредена партикуларност, стануваат површина за впишување на колку што е можно повеќе незадоволни барања (Laclau, 2005). Ова е токму третата структурна карактеристика на хегемонистичкиот однос, самата „состојба на хегемонија", кон којашто се свртувам сега.

Партикуларноста во еквиваленцискиот синџир што ја презема улогата на универзална репрезентација на интересите и барањата на различните општествени сектори и групи, за време на, и особено по НОБ, е Комунистичката партија и корпоративните интереси на работничката класа и работниот народ кои таа иницијално ги претставува. Борбата на жените воопшто и специфично борбата на различните женски структурни и субјект-позиции – како на селанката, на чиновничката, на работничката, на Македонката, Турчинката, Албанката,

Влаинката, Ромката, христијанката или муслиманката – стануваат претставувани и изразени преку борбите предводени од и заложбите на Комунистичката партија, како „единствен раководител на работните маси од нашата земја“[25].

Се разбира, оваа функција што ја презема Комунистичката партија како хегемониски субјект произлегува, од една страна, од престижот што го ужива, несомнено заслужено, како резултат на победата на фашистичките окупатори. Но, од друга страна, и како резултат на нејзиното проширување на сопствените и тесни корпоративни интереси и парцијални барања во насока на вклучување на и компромиси со, во својата програма и политика, колку што е можно поголем број демократски барања и борби против опресија и експлоатација (барањата за самостојност и суверености на народите, како македонскиот народ, признавање и почитување на разликите и правата на народностите, страдањата на селската популација, религиозните малцинства и, во првите години, барањата на различни партиски субјекти). „Едино комунистичката Партија на Југославија е партија која во Југославија ги признаваше и ги признава сите права на жените... Знаејќи ги сите тија работи жената 1941 година похрли масово во борба против фашиските зверови и неговите слуги не само да ја ослободи, нашата татковина ами да се и сама ослободи, да стане равноправен член на друштвото, да се ослободи од вековното робство, да ги скине сите синџири, кои ја врзува и стапи здраво во светла и срекјна иднина“[26].

Комунистичката партија во својата хегемониска и социокултурно, политички и економски водечка улога ги (ре)артикулира интересите на жените на начин на којшто себеразбирањето на жените и разбирањето на нивната опресија и борба, како и на клучните означители околу кои таа гравитира (како еднаквоста, човековите права, рамноправноста, демократијата,

25 „КПЈ – Единствен раководител на работните маси од нашата земја“, *Македонка*, год. 5, бр. 52 (1949), стр. 1.

26 Киро Георгиев-Дејан. „Демократските закони – гаранција за правата на жените“, *Македонка*, год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 5.

слободата, социјалната правда, среќниот живот, безбедноста, слободата на народот итн.) се поставуваат во остра разлика од предвоениот граѓански феминизам и субјект-позициите што ги отворал тој. Односно, според интерпретацијата на Партијата и АФЖ, против „фашистичките буржоаски тенденции во женскиот покрет", додека во исто време новата жена се идентификува исклучиво со работничкото и комунистичкото женско движење од минатото.

> „Спротивно идеализирањето на положбата на жената во капиталистичкото друштво од страна на реакционерните граг'ански партии, спротивно на женскиот феминистички покрет кој што бара решение на женското прашање во рамките на буржоаскиот систем, низ самостојната борба на жените за своите права, против машките, Комунистичката партија пристапува кон женското прашање врз основа на научните откритија на Маркс-Енгелс и утврдува дека ропската положба на жената е поврзана со (...) класното друштво и дека патот за разрешување на женското прашање т.е. за задобивањето на подетална равноправност на жените во сите области од друштвениот живот, е патот на револуционерната борба против класниот систем"[27].

Клучно за разбирање на хегемониската улога на Партијата и политичката субјективизација на жените како граѓанки во функција на нов хегемониски проект и конструкцијата на нов историски блок е дека низ континуирана општествена активност, културното влијание, идеолошката артикулација и интензивните интервенции во различни домени на општественото поле, Партијата и НОФ продуцираат согласност, видлива во резолуциите на АФЖ и текстовите во „Македонка", односно „воспита во нив класна свест, ги учеше жените во духот на правиот пролетерски интернационализам: ги воспита во љубов спрема Советскиот Сојуз; низ разните акции таа ги учеше жените да го мразат капитализмот и на примерот на херојските

27 Н. Богданова. „Положбата на жените во стара Југославија", *Македонка*, год. 5, бр. 51 (јануари 1949), стр. 6.

борци ги учеше на истрајност непоколебливост и јунаштво“[28]. Важно да се нагласи е дека овој аргумент што произлегува од читањето на „Македонка“ не подразбира недвосмислена согласност, ниту, пак, ја исклучува димензијата на присила и репресија што ја применува Партијата уште во првите повоени години, вклучително и пред првите избори за Уставотворното собрание во 1945 година, а особено по Резолуцијата на Коминформата и спорот со Сталин и Советскиот Сојуз (Ramet, 2006). Меѓутоа, неоспорна е и масовната поддршка и согласност што ја добива Партијата, како и фактот дека повлекува историска реорганизација и реартикулација на здраворазумските категории и концепции на светот. Преку стекнувањето согласност со идеолошката платформа и интервенции на Партијата интересите на жените се врзуваат конститутивно со генералните заложби на НОФ и Партијата, особено со борбата против фашизмот и против капитализмот или класната борба, односно борбата за ослободување на работниот народ, изградбата и реконструкцијата на државата, етаблирањето на социјализмот и спроведувањето на различните реформи и закони што ги инаугурира Фронтот, односно Комунистичката партија.

> „Денес, во изградбата на социјализмот во нашата земја, за кое што нашата жена е крвно заинтересирана, под раководството на нашата Партија се одвиваат сите акции и целата работа на Антифашискиот фронт на жените, под раководството кое што ги изведе нашите жени во светла и среќна иднина на социјалистичко општество“[29].

Како хегемониски субјект Партијата го „обезбедува општествениот авторитет, доволно длабоко за да го конформира општеството во нов историски проект“ (Hall, 2021, 13), вклучително и активностите и интересите на жените и на АФЖ, претставувајќи ги интересите и борбите на Партијата како интереси и борби на жените. Следствено, „благодарејќи на законите

28 Ibid., стр. 7.

29 „30-годишнина на нашата Партија: КПЈ – Единствен раководител на работните маси од нашата земја“, *Македонка*, год. 5, бр. 52 (1949), стр. 1.

коишто ги донесе денешната народна власт“ жените работнички имаат иста плата како нивните машки другари, стекнуваат релативна економска независност и условите на нивниот живот им се радикално подобрени. За домаќинките, како резултат на иницијативите за отворање јасли и детски домови, „се отварат нови перспективи со това што можете да помислите и на вашето културно-просветно издигање“. Жените од етничките малцинства можат да го видат и добијат подобрувањето на нивните животни услови, земајќи го предвид фактот дека „Народниот фронт е најголем поборник на националните права на нашите малцинства и најголем непријател на шовинизмот“, додека политиките и законите со кои, по иницијатива на НОФ и Партијата жените се стекнуваат со уставно загарантираното право да гласаат, да избираат и бидат избирани, односно да учествуваат во власта, стануваат „фактори кој ке даваат мненија, ке одлучуат, ќе донесуат решенија, заедно со другите за подобруење на животот на вас и вашите деца“[30].

Пораките и полемиките што ги испраќа и води Партијата и спроведувањето на решенијата од Конгресите на Партијата значат:

> „прилог кон поубавиот живот во нашата татковина, прилог за поведрото детство и сигурна иднина на нашите деца. Спроведувањето во живот на секое решение, секој позив кој што Партијата, под раководство на нашиот ЦК и другарот Тито му упатуваше на народот, го испрк’аше и до жените, значеше секојпат чекор напред на патот за победата на социјализмот во нашата земја, а секоја нова победа ние длабоко ја осетивме како жени, и особено како мајки, бидејќ’и секоја значеше нов чекор во остварувањето на подобар живот на нашите работни маси, бидејќ’и секоја значеше за нашите деца нова можност за срек’но детство, за школување, за здравствена заштита, за нивната сигурна иднина, бидејќи и секоја победа не водеше од некогашниот

30 Главен одбор на АФЖ. „Мајки, жени и сестри од Македонија, работнички, селанки, домаќинки, чиновнички!“, *Македонка*, год. 2, бр. 12-13 (октомври-ноември 1945), стр. 1-2.

мрак, од робската положба, понатаму во светол, нов живот, живот на рамноправен човек. Оттаму таква нераскинлива врска на милионските маси на нашите жени со нашиот Централен комитет, со другарот Тито, оттаму оној невиден елан, огромниот напор што го вложуваа тие во изградувањето социјализам, кој така победоносно напредува во нашата земја“[31].

Артикулирањето, усогласувањето и претопувањето на интересите на АФЖ со политиките на НОФ и КП се видливо уште од почетоците, односно од основањето на АФЖ на Македонија и првите броеви на „Македонка“. Иако во првата година во дискурсот на „Македонка“ нагласокот е ставен врз водечката улога на НФ, односно забележлив е идеолошки понеутрален став – што можеме да го разбереме како тактичка одредница со цел привлекување на колку што е можно поголем број луѓе во членството на НФ и поддршка на изборите за опцијата на НФ – сепак, и во овие почетни години, јасна е согласноста и изедначувањето на женските интереси со интересите на класната борба и КП. Недвосмислено, експлицитно и интензивно претопување со хегемониското водство на Партијата и Фронтот се забележува од 1948 година, па натаму, особено како резултат на геополитичката нестабилност, превирања и закани по легитимитетот на НФ и Тито по спорот со Сталин и уште повеќе по 1950 година, кога се одржува третиот конгрес на АФЖЈ, во Загреб на 28 и 29 октомври, а кога се отвора прашањето за целосно претопување, спојување и влез на АФЖ со/во Народниот фронт. Како што забележува и Лидија Склевицки во своите анализи на статутот на АФЖЈ, почнувајќи од 1948 година, организацијата станува само еден сектор во работата на НФ и КП, напуштајќи ги целосно традициите на женското предвоено движење и повлекувајќи се од каква било критика кон политиките на Партијата (Sklevicky, 1996, 132).

31 „Писмо од Пленумот на Централниот одбор на АФЖ до ЦК КПЈ“, *Македонка*, год. 5, бр. 46-47 (август-септември 1948), стр. 3.

Сепак, моето читање на „Македонка“ посочува дека оваа тенденција е видлива од почетоците, барем, на македонската секција на АФЖ. Целите и задачите што ги поставува пред себе во континуитет кореспондираат со тековните политики, реформи и државни потреби што ги налага НФ и Партијата, како и со указите и резолуциите на Партијата. Имено, уште по Првиот конгрес на АФЖМ, во 1945 година, задачите што се поставуваат пред организацијата го вклучуваат зацврстувањето на народната власт, описменувањето на жените, зацврстувањето на братството и единството, изградбата на земјата, воспитувањето на децата, омасовувањето на членството на АФЖ и НФ итн.[32] Почнувајќи од 1947 година и по воведувањето на Петгодишниот план за електрификација и индустријализација на земјата, задачите што се поставуваат пред организацијата го вклучуваат стручното оспособување на колку што е можно поголем број жени и девојки за работа во планската изградба на државата преку организирање на различни курсеви[33], мобилизацијата и омасовувањето, описменувањето особено помеѓу селските жени и жените од малцинствата, политичкото воспитување и *издигање*[34] итн. По судирот со комунистичката интернационала и Сталин, односно по 1948 година, фокусот се зголемува врз воспитувањето на децата како идни граѓани и градители на социјализмот, политичко-просветните активности, масовната мобилизација, особено на жените од малцинствата и жените на село во спроведувањето на аграрната реформа и колективизацијата преку развивање на кооператорството[35] и изградбата на социјализмот, како најважна задача[36].

32 Л. С. „Првиот конгрес на Антифашистичкиот фронт на жените од Југославија“, *Македонка*, год. 2, бр. 8-9 (јуни-јули 1945), стр. 1-2.

33 Л. Чаловска. „Планското стопанство и нашите задачи“, *Македонка*, год. 4, бр. 28 (февруари 1947), стр. 2.

34 „Пленарен состанок на Гл. одбор на АФЖ од Македонија“, *Македонка*, год. 4, бр. 38 (декември 1947), стр. 2.

35 „Да ги извршиме задачите од вториот конгрес“, *Македонка*, год. 5, бр. 45 (јули 1948), стр. 4-5.

36 „Пленарен состанок на Главниот одбор на АФЖ од Македонија“, *Македонка*, год. 5, бр. 51 (1949), стр. 1.

2.4. Афективни инвестиции и телесни изведби

Делот што недостига во претходната дискусија е проблемот на *афективните инвестиции*, како она што им дава сила, енергија и насочување на политичките практики и ги прави можни идентификациите со празни означувачи во име на хегемонистичките сили. Оваа логика е *фантазматската логика* (Glinos and Howart, 2007) и редот на афектот на кој му припаѓа. Како што тврди Лаклау, „нешто што припаѓа на редот на афектот има примарна улога во дискурзивното конструирање на општественото. Фројд веќе го знаеше тоа; социјалната врска е либидинална врска" (Laclau, 2004, 326). Преку афектот, празните означители и хегемонистичките сили (вклучувајќи ги нивните барања, поплаки и вредности) го нудат имагинарното ветување за „повторно заземање на нашето изгубено/невозможно уживање што обезбедува фантазматска поддршка за многумина, на нашите политички проекти и избори" (Stavrakakis, 2005, 73). Политичката трансформација, а со тоа и дезартикулацијата на хегемонистичките форми на идентификација, е можна само преку впишување на општествените агенти во различни хегемониски групни практики што мобилизираат и артикулираат афекти. Со други зборови, не е доволно политички да се конструираат опозициски и антагонистички идентитети. Она што е потребно е естетска интервенција на повеќе афекти и во различни општествени практики и сфери, со цел да се решат сложените процеси на идентификација, да се измислат нови начини на интерпелации и да се „трансформира свеста на луѓето со дејствување врз нивната сензација" (Mouffe, 2013, 97). Политичката артикулација и хегемонија, следствено, не се сведуваат исклучиво на обезбедување површини за впишување и радикална инвестиција, туку поширока и сложена практика на создавање и артикулација на афективно-дискурзивни аранжмани и формации или „различен режим на желби и афекти преку нивно впишување во дискурзивни/афективни практики" (Mouffe, 2018, 84). Затоа, за нашиот аргумент е важно да разбереме и кои

се идеолошки санкционирани колективни кореографии, како и начините на кои се повторуваат овие ритуализирани практики што ги ориентираат и ги насочуваат телата во одредена насока и ги привлекуваат телата кон следење на линиите на различни означители при изведување на „кожата на заедницата“ (Ahmed, 2004; Ahmed, 2014).

Преку различни реторички и наративни стратегии текстовите во „Македонка“ создаваат контингент на означители, објекти и практики што се евалуирани како извори на среќа, задоволство, услови на подобар живот и гарантори на среќна и безбедна иднина, заштитници на животот на жената и нејзините деца, линии преку кои се обезбедува единството на народот и стабилноста на државата. Преку ваквите процеси на атрибуции, тие стануваат предмет на афективна и либидинална инвестиција, центри на гравитација кон кои се насочуваат желбите, аспирациите, движењата и дејствувањето на граѓаните, додека преку идентификацијата со нив се посредува и политичката субјективизација на народот и на жените специфично. Во оваа листа на означители влегуваат: сликите на борбената и работна жена; мајката жртва која низ војната пожртвувано ги пратила синовите во борба за слобода; мајката која тажи, но е решителна да ја сублимира загубата во нешто поголемо, како иднината на државата и среќниот и слободен живот на народот; идеалите за новата Југославија; братството и единството; Југословенската армија – „верниот чувар на независноста, слободата и мирот“[37]; трудот и работата; дисциплинираните, добро воспитани и посветени на учењето деца и млади; мајчинството како одредувачка улога на жените и децата; и, се разбира, Партијата и телото на лидерот, маршалот Тито.

Покрај политички инструктивни и аналитички текстови што експлицитно ги посочуваат овие објекти и практики како исклучително вредни и достоинствени, како нужни предуслови

37 „Говор на Маршал Тито на II-от конгрес на АФЖ од Југославија“, *Македонка*, год. 5, бр. 40-41 (февруари-март 1948), стр. 3.

за среќен и безбеден живот, литературните прилози во „Македонка“ претставуваат исклучителен пример за следење на продукцијата на објекти што ја магнетизираат афективната инвестиција, преку креираните сентиментални или борбени наративи и лирски метафори на страдање, болка, упорност, решителност, ентузијазам, среќа, интерес итн. – како афекти околу кои циркулираат како знаци различни ликови, карактери, деца, жени-херои и атрибути. Различните прилози што известуваат од терен низ републиката исто така укажуваат на објектите достојни за инвестиција, но и на потребната решителност, упорност, истрајност и пожртвуваност за нивно достигнување и одржување. На пример, во репортажата насловена „Ние сме радост на родителите – Семејството на Ѓорги и Добрила Лазаревски и нивната тројка“[38] читаме за мачниот, но истовремено и среќен живот со деца-тројка и солидарноста на заедницата, додека текстот изнесува мотивирачки и афирмирачки поглед за мајчинството, дури и во исклучителни и необични ситуации во кои сиромашни родители имаат повеќедетно семејство.

Визуелниот материјал во списанието е дополнителен, и исклучително моќен, извор на организирање на афективните инвестиции и креацијата на афективни инфраструктури. Особено по 1950 година доминираат сликите на бебиња, мали деца и мајки претставени во грижливи и негувачки релации, како патоказ за ориентацијата што ја изведуваат емоциите и световите што ги собираат, како и дејствата што ги бараат за нивна ефективност. Па, така, покрај сликите од мајки како дојат, медицински сестри како се грижат за децата и негувателки во јаслите или на деца како се смеат, играат, трчаат, јадат и пијат, цртаат и учат, имаме искази како „Мама е срек'на што сум јас збринато во часовите кога е таја на работа“, „Секоја игра со другарчињата во градинката, за мене е права веселба“, „во сезонската градинка јас добив многу играчки, кои прв пат ги гледа-

38 „Ние сме радост на родителите“, *Македонка*, год. 7, бр. 79 (јуни 1951), стр. 15.

ме“,[39] „ние сме радост на родителите“[40] итн. Или, можеме да прочитаме кратки текстови во кои идеализираниот лик на мајката говори: „Зборот љубов ни оддалеку не е доволен да искаже колку те сакам, сине мој. (...) Сите мои желби и надежи, сите трепети и копнежи како мноштво кристални порои се сливаат во една единствена животна цел: ти да живееш, да живееш...“[41]

Овие мешавини на слика и искази не само што ги посочуваат објектите за вложување на жените туку и ги претставуваат и како исход на добрите политики на хегемониските агент, НОФ и КП, со што го мотивираат продолженото инвестирање и посветеност кон нивните политики.

Се разбира, согласно еден од клучните потпорни столбови на социјалистичката идеологија и изградбата на новиот социјалистички човек, новата жена и граѓанка, трудот и работата заземаат централно место во значенската мапа и афективните котви околу кои се материјализираат и согласно кои се ориентираат телата на жените и граѓаните воопшто, односно преку кои се исцртува идентификациското платно на процесот на субјективизација. Насловните страници, но и внатрешните листови, на „Македонка“ изобилуваат со слики, модели и примери на жени чиишто тела се впрегнати, гордо, достоинствено, среќно или, пак, контемплативно, во извршување на различни работни обврски и во различни производствени процеси, како земјоделски, така и индустриски. Жени со лопата, жени кои шијат, кои копаат, градат, кои жнејат или, пак, се вклучени во индустриското производство, секогаш се претставени неуморно и со насмевка на лицето или задлабочени во исполнувањето на својата задача. Во сите сектори на работа за реконструкција на земјата и во фабриките „жените пројавуваат силна волја и љубов кон работата“, „со песни и радост се трудат да го увеличат производството“, бидејќи, за разлика од предвоеното иску-

39 „Мама е срек'на што сум јас збринато во часовите кога е таја на работа“, *Македонка,* год. 7, бр. 76 (март 1951), стр. 17.

40 „Ние сме радост на родителите“, *Македонка*, год. 7, бр. 79 (јуни 1951), стр. 15.

41 *Македонка*, год. 7, бр. 79 (јуни 1951), стр. 1.

ство на капиталистичка експлоатација, „денес после полната капитулација на најголемиот непријател на широките работни народни маси“ работничките работат „со очигледно поголемо одушевление и радост. На нивните лица кога ќе влезеш се чете удоволствие од работата“[42].

Трудот и работата стануваат една од главните котви околу кои се организира животот и кои му даваат смисла, особено трудот низ социјалистичка перспектива како дизалиениран, присвоен колективен труд на општествено производство. „Работата престанува да биде нужда, таа станува потреба, цел на животот, таа влече напред, дел е од тебе самиот и ти не би бил она што си ако се откажеш од неа. Тоа е онаа квалитетна промена по оној пат, каде се почнува со: Работам затоа што треба да јадам – до тоа: Работам затоа што работата е смислата на мојот живот.“[43]



Дополнително, низ страниците на „Македонка“ се среќаваат мноштво од репортажи што даваат детален опис на напорите на испотените тела, координираната акција, заморот, но и решителноста и задоволството и среќата што произлегуваат од индивидуалниот и колективниот работен влог за подобрата иднина на својата земја. Работничките и ударничките

42 Горица Даскалова. „Во нашите фабрики настапи нов живот“, *Македонка*, год. 2, бр. 7 (мај 1945), стр. 5.

43 В. „Зошто ја сакам својата професија“, *Македонка*, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 9.

акции стануваат материјален, практичен и перформативен гест, како телесни техники, преку коишто се всадуваат навики и практично знаење, преку коишто во кореографирана форма се материјализира социјалистичката заедница и се гради новиот социјалистички субјект. Не само што со песна, насмевка и среќа учествуваат и младинците и жените во ударничките акции, а за кои „братството и единството на младината од цела Југославија је најголема светиња“[44] и со гордост ја надминуваат поставената производствена или работна норма, туку, многу позначајно, овие изведби во исто време се средство со кое „се коваат нови луѓе, се прекалуат и излегуат од таа работа многу луѓе со нови разбирања за работата. Се создава еден колектив кој што се гордее со својата работа, со она што го создава од сопствените раце. Тука се создава, се искалуе и уште повеќе се зацврснуе братството и единството на нашите работи“[45]. Односно, преку работните акции и со колективниот, координиран телесен напор се „дооформуе новиот, моралниот лик“[46] на младинците и на жените. Дури и слободното време, времето за одмор и пауза е продуктивно време во функција на оформување на политички свесниот, културно просветен, описменет, социјалистички граѓанин и граѓанка.

Воведувањето и исцртувањето на границите на заедницата и политичката субјективизација се изведуваат, највпечатливо, преку колективните влогови на народот, и жените специфично, во љубовта насочена кон маршалот како олицетворение на заедничкиот идеал. Социјалистичката заедница се обединува преку љубовната и колективната ориентација кон саканиот предмет како носител на ветувањето за среќа и подобар живот, како извор и градител на утописката иднина. Вертикалното пренесување на љубовта кон лидерот станува конститутивна сила за идентификација на граѓанките и на колективот. Доаѓањето во

44 „Младината на Македонија ја прослави светската младинска недела“, *Македонка*, год. 2, бр. 5-6 (март-април 1945), стр. 25.

45 „Низ работата на младинската пруга се коваат нови лугје“, *Македонка*, год. 3, бр. 24 (октомври 1946), стр. 3.

46 Драга Чаловска. „Младинската пруга Шамац-Сараево ќе биде ново работно училиште на нашата младина“, *Македонка*, год. 4, бр. 29 (март 1947), стр. 5.

контакт со водачот како љубовен предмет и извор на радост и среќа е со посредство на обилната, безбројна и постојана циркулација на Тито како знак[47] што повлекува со себе цел синџир значења, при што се воспоставува однос на еквивалентност и асоцијација помеѓу телото на Тито, неговото име и парадигматски збир знаци што кружат околу него, како што се: слободата, ослободувањето, револуцијата, социјализмот, партијата, државата, добриот живот и благосостојба, посветлата иднина, решителноста, независноста, херојството, братството и единството, антисталинизмот, антифашистичката борба, неврзаноста, борбата итн. Како главен означувач во овој синџир на еквиваленции, Тито, на крајот, станува самиот еквивалент на Југославија и југословенската заедница. Активирањето на овие емоции е овозможено со „лепењето" (Ahmed, 2004) на одредени знаци на неговото тело, кои го претвораат Тито во леплив предмет, а контактот со него станува магнетизирач на збирот на емоции обележани со љубов, радост, задоволство, ентузијазам, возбуда итн. Соединувајќи се околу добриот, праведен, корисен, среќен предмет, заедницата го изведува и својот идентитет и се ориентира кон комплексот на содржини, вредности и знаци што кружат околу Тито како означител, трасирајќи го заедничкиот иден пат и правец.

> „Да се зборува за другарот Тито — за нашиот учител и водач — значи да се зборува за големите победи на нашите народи и нашата Партија, значи да се зборува за искушенјата, страдањата, жртвите и напорите и за величествената борба која што ја водеа нашите народи (...) нашите народи како целина, Тито е нивна слава, Тито е нивна денешница и иднина."[48]

47 По 1948 година, особено од 1950 година, па натаму, присуството на иконографијата, говорите на и за Тито стануваат исклучително присутни. Како на насловните страници во „Македонка", така и внатре списанието. Како илустрација, во бр. 62, 1950, списанието отвора со седум страници посветени на новогодишниот говор на Тито, што е третина од целокупната содржина, додека во бр. 72, 1950, на цели десет страници е пренесен говорот на Тито на Третиот конгрес на АФЖЈ, речиси половина од содржините на списанието.

48 „Маршал Тито-Раководител на нашата партија", *Македонка*, год. 5, бр. 53-54 (1949), стр. 3.

3. Контрадикции и неуспехот на политичката субјективизација

Во овој последен дел од мојот текст сакам да се сосредоточам на истрајните контрадикции што го следат процесот на политичка субјективизација на жените, преку АФЖ и „Македонка“, од почетоците, па до крајот на издавање на списанието (и постоењето на АФЖ), крајот што полека води кон подривање, а можеби конечно и неуспех на овој процес. Во таа смисла и мојот текст ја следи динамиката на процесот, од првичен ентузијазам и револуционерен, радикален и еманципаторски потенцијал и практика кон ретрадиционализација и (ре)етаблирање на полициската (или деполитизирачка) логика и потиснување на женската еманципација во име на ортодоксните есхатолошки леви позиции и тоталитет. Проблемите што ќе ги посочам во овој дел ја следат рамката на претходните два дела и форми на политизација, идентификувајќи ги тензиите, апориите и недоследностите во нивните рамки.

Прво, аспектот на верификација на еднаквоста како процес на политичка субјективизација што повлекува гестови и стратегии на дезидентификација и себеподругување. Политичката субјективизација како дезидентификација и имплементација на логиката на другиот е тројно подругување, тврди Рансиер. Најпрвин, тоа е другоста во однос на „вистинското“ место, занимање, капацитет и идентитет зададени во полицискиот поредок. Од друга страна, со поделба на заедницата и разоткривање на погрешното/неправдата преку верификација на еднаквоста, се случува поставување сцена на „полемичко заедничко“ како конфликтна и антагонистичка демонстрација што „секогаш претпоставува некој друг, дури и ако тој другиот одбива да ги слушне доказите или аргументите“ (Rancière, 1992, 62). И на крајот, политичката субјективизација вклучува „невозможна

идентификација“ како идентификување со сите на заедницата што не може да се сведе на заедничка сопственост, ниту споделена суштина, туку ја претставува чистата еднаквост на капацитетите на сите, на самото човештво. Во приказот што следува ќе видиме како сите овие три аспекти се сериозно подриени и исполнети со контрадикции.

Иако од почетоците на АФЖ на Македонија, особено по вториот и третиот конгрес на АФЖЈ, односно по 1948 и 1950 година, политичката субјективизација е подривана со инсистирањето, одржувањето и репродукцијата на традиционалните вредности, капацитети, место и карактеристики на жените. Жените низ текстовите на „Македонка“, уште од 1944 година, се интерпелираат со нивните структурни позиции во рамките на традиционалната хетеронормативна заедница, како мајки и сестри, чијшто хероизам е особено истакнат преку нивната посветеност на воспитување и растење на децата и нивната пожртвуваност да ги испраќаат своите синови во НОБ, а чијашто вредност е признаена и уважена преку мобилизацијата на традиционалните женски капацитети, особено афективните и репродуктивниот труд, во полза на потребите на војската, војната, и партизаните (храна, нега, собирање помош, перење, грижа за сираците на погинатите итн.) и реконструкција на земјата. Како што им се обраќа на присутните на првата главна конференција на АФЖМ, Наталија Јоциќ, членка на Главниот одбор на АФЖ за Србија, „вие жените на Македонија (...) ги родивте и одгледавте и героите во денешната голема борба, јунаците на Македонија“[49]. Значаен број и од литературните прилози во првите години од издавањето на „Македонка“, како и приказни за искуствата на жени од СССР и Југославија ја потврдуваат репродуктивната функција ставена во погон за заштита и одбрана на државата (Величковска, 2022). Дополнително, и особено индикативно, е присуството на рубрики во сите броеви на „Македонка“ за

49 „Главна конференција на Антифашистичкиот фронт на жените од Македонија“, *Македонка*, год. 1, бр. 2 (декември 1944), стр. 12.

грижа околу децата, совети и насоки за шиење, за домаќинството, за готвење, хигиена и мода.

По 1948 година, кога воспитувањето на децата станува една од приоритетните задачи на АФЖ, дури и еманципаторските придобивки и напредокот во областа на социјалните права за жените, особено нивниот влез на производството и на позиции што традиционално се поимаат како машки, стануваат инструментализирани и подредени на мајчинската улога и репродуктивниот труд, наместо да бидат цел по себе и средство за економска независност на жената. Па, така, жената како производен субјект и трудбеничка станува „мајка-трудбеничка“ како услов за колку што е можно подобро исполнување на функцијата „мајка-воспитателка“, бидејќи „кога детето постојано гледа пред себе жив пример на полезен и честен труд од страна на мајка си, а во полза не само на семејството туку и за државата, тоа уште од детството добива навика и сознание на човек воспитан во вистински комунистички дух“.[50] Слична тенденција на инструментализација на политичката субјективизација, ефектуирана преку верификација на еднаквоста, како средство наместо цел по себе е забележливо во амбивалентноста со подредувањето на истата на актуелните потреби и политички итности и реформи на КП и НОФ, како што се изборите, аграрната реформа, судирот со Информбирото (но, за ова малку подолу).

Дополнително илустративен во оваа насока на репродукција на родовата поделба на трудот и цементирањето на позицијата и интересите на жената во/за розовото гето е примерот што ни го дава „Македонка“ во 1950 година, а поврзан со советување со архитектите во Скопје иницирано од Главниот одбор на АФЖ, по повод изградбата на станбени единици. „Осек'авајк'и го овој проблем како многу близок нашите активистки живо дискутираа за начинот на кој се градат нови населби, за положбата на главните простории во едно живеалиште, а најм-

50 Н. Ф. Лихачева. „Мајка“, *Македонка*, год. 5, бр. 44 (јуни 1948), стр. 8.

ногу се задржаа на прашањето како треба да се планираат кујните, оставите, бањите и останатите споредни простории во едно живеалиште. Исто така жива дискусија се водеше и околу пералните и сушалните“[51].

Ништо не ја изразува подобро оваа контрадикција во политичката субјективизација на жените и нивната ретрадиционализација и редукција на наводно природните женски улоги и врзаност за репродуктивната функција, од говорот на Тито на Шестиот конгрес на СКЈ во којшто веднаш откако ги прогласува како напуштени, застарени и несоцијалистички гледањата „на способноста и улогата на жената во општеството, т.е. сфаќањето дека жената е создадена само за кујна, одгледување деца и вршење на домашни работи“, посочува дека „точно е дека во нашата социјалистичка заедница жената има една од најзначајните задачи – да му дава и да му одгледува на општеството нови генерации“. Оваа изјава на Тито доаѓа само две години по неговото обраќање на жените на Вториот конгрес на АФЖЈ, кога им укажува дека една од нивните најголеми задачи е „грижата за децата, за младото поколение“ и да ги воспитуваат правилно своите деца „во духот на нова Југославија“[52].

Несомнено е дека низ сопствената борба жените успеваат да се изборат за радикални и суштински реформи на законодавството и политиките, особено во брачниот живот, регулацијата на родителството, статусот и грижата за вонбрачните деца, рамноправноста во бракот и носењето одлуки за работа надвор од домот, наследството, социјализацијата на репродуктивниот труд во смисла на олеснување на товарот на жените и отворање можности за економска независност преку воспоставувањето служби за домаќинство, јасли и градинки итн. Меѓутоа, и во оваа ситуација во која, специфично, се признава

51 „По иницијатива на Главниот одбор на АФЖ се одржа советување со архитектите во Скопје“, *Македонка*, год. 6, бр. 70-71 (септември-октомври 1950), стр. 12.

52 „Говор на Маршал Тито на II-от конгрес на АФЖ од Југославија“, *Македонка*, год. 5, бр. 40-41 (февруари-март 1948), стр. 1.

и се препознава репродуктивниот труд на жената, тој не само што се гледа како надвор од поширокатa критичка анализа на капитализмот, односно се негира неговата клучна улога како општествена фабрика за репродукцијата на капиталот и експлоатацијата туку репродуктивниот труд останува и скаменет во својата дихотомна рамка и распределба, а жената, без никаква проблематизација, врзана за него. На пример, во текст што навидум одекнува некои од аргументите на марксистичкиот феминизам, авторката го слави развојот во уредувањето на бракот во социјализмот, укажувајќи дека „на жената и е признаено не само учеството во производството туку и нејзината работа во домаќинството, како и работата околу негата и воспитанието“, за што, ако можеме да укажеме иронично, како награда „и на онаа жена што не стопанисувала вон од куќата и се признава делот од имотот стечен во заедничкиот живот“[53]. Ваквиот аргумент не само што го изнудува прашањето „Дали жените коишто се лоши домаќинки и непослушни сопруги и ќерки би ги уживале овие права?“ туку и, многу поважно, посочува на фактот дека, и покрај признанието на репродуктивниот труд, жената не е ослободена од него. Напротив, тоа (о)станува нејзина судбина и суштина!

Контрадикцијата или неуспехот во трансформацијата низ политичка субјективизација или првото ниво на подругување за коешто зборував погоре, најпарадигматски се потврдува при крајот на издавањето на „Македонка“, кога последните броеви драстично го стават фокусот на мајчинската улога на жената и грижата за домот (повеќе од 60% од содржините во списанието се фокусирани на овој состав прашања), од една страна, и стануваат орудие со кое жените се трансформираат во извршители на родовата полиција и нормализација, од друга страна[54]. АФЖ ги советуваат нивните читателки „да не излегувате никогаш

53 „Положбата на жена во бракот во минатото и сега“, *Македонка*, год. 7, бр. 78 (мај 1951), стр. 6.

54 За контрадикциите, морализаторските и други проблематичните аспекти на „културата на мајчинство“ во „Македонка“, повеќе во Коцевска, 2022.

со испуштени котелци, искривен раб на чорапите и искинати петици“, „да не одите со разбушавена коса, но секојпат да ја држите во ред“, „да не заборавите блузата секојпат да ја ставите во сукња“, „да не дозволувате комбинезонот да ви се гледа под фустан“, „да пазите како ќе се наместите кога ќе стоите“[55] итн.



НИЕ ВИ СОВЕТУВАМЕ

Да не излегувате никојпат со испуштени котелци, искривен раб на чорапите и искинати петици.

* * *

Да си ги сечете и чистите нокти на вашите раце, а не да ги претрупувате со најразлични лакови.

* * *

Да не одите со разбушавена коса, но секојпат да ја држите во ред.

* * *

Да си проверувате секојпат дали по вашиот фустан или јаката нема попаднати влакна од вашата коса.

* * *

Да не заборавите блузата секојпат да ја поставите во вашата сукња.

* * *

Да не дозволите комбинизонот да ви се гледа под фустанот.

* * *

Да не излегувате со фустан кој на една страна ви виси.

* * *

Да си ги закопчувате сите копчиња на фустанот или блузата па дури и кога тие ви се на грбот.

* * *

Да пазите како к'е се наместите кога к'е стоите.

55 „Ние ви советуваме“, *Македонка*, год. 7, бр. 80 (јули 1951), стр. 10.

Покрај надзорот и дисциплината врз сопствените тела, однесувања, аспирации и желби, жените преку „Македонка“ се инструираат и како подобро да станат агенти на дисциплината и биополитичката регулација на телата, воспитанието, однесувањето, аспирациите и социјализацијата на сопствените деца, грижа од којашто, судејќи според содржините на списанието и неговиот адресат, мажите, односно сопрузите и татковците се целосно ослободени[56]. Особено внимание се посочува во императивна јазична форма, да се посветува на регулацијата на содржини што децата ги читаат и со коишто доаѓаат во контакт и „да се избегнуваат книги во кои отворено и вулгарно се сликаат полните односи, оти тие можат да ја распалат фантазијата и предвреме да предизвикаат полна возбуда“[57]. Доволно парадоксално, но **од чинители на политичката субјективизација**, со текот на годините, жените се претвораат **во потчинувачки на сопствените тела и телата на младите**.

Анализите на други истражувачи на АФЖ укажуваат дека проблемот на т.н. двоен товар со кој се означува абењето на женските тела преку прекумерната изложеност на работа и во домот и во производството – што во нашиот случај би било попрецизно доколку го именуваме како **многукратен товар**, бидејќи, покрај репродуктивниот труд и работата надвор од домот, од жените еднакво и континуирано се очекува и политичката активност, активно учествувањето во носењето одлуки, во активностите на АФЖ и во самоуправувањето, до толкава мера што слободното, социјално и непродуктивно време речиси целосно исчезнува од хоризонтот на слободата за повоената македонска жена – неретко е предмет на дискусија и поплака во рамките на различни дискусии во АФЖ, на различни организациски нивоа. Меѓутоа, во рамките на списанието оние про-

56 Види: Д. С. Макаренко. „Дисциплина“, *Македонка*, год. 5, бр. 52 (1949), стр. 16; „Новогодишниот говор на маршалот на Југославија“, *Македонка*, год. 6, бр. 62 (јануари 1950), стр. 1; *Македонка*, год. 7, бр. 81-82 (август-септември 1951).

57 Б. П. и Ч. П. „Воспитувањето на децата во периодот на полното созревање“, *Македонка*, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 20.

блеми никогаш не се изнесуваат на виделина, ниту се предмет на дискусија, спорење, несогласување и антагонизам.

Ако втората димензија на подругувањето во процесот на политичка субјективизација укажуваше на нужното сопоставување со друг пред кого се изнесува и се демонстрира искуството на неправедност и се верификува еднаквоста, оваа димензија како да исчезнува низ годините на издавање на списанието. Партијата, Народноослободителниот фронт, државата, управните органи и институциите речиси никогаш не се антагонизираат ниту, пак, се предизвикуваат. Во оние ретки случаи во коишто се посочува на реалните ефекти на патријархалноста, како што е сè уште ниското учество на жените во клучни позиции и тела на одлучување или раководење со производството[58], како и девалвирачки ставови и предрасуди кон жените во партијата или одговорноста се префрла целосно кон жените и нивната недоволна активност, отсуството на волја и решителност и непосветеноста на сопственото усовршување, квалификување за високо платена работа и политичко активирање или овие проблеми се издвојуваат како ретки, индивидуални и субјективни ставови и практики на некои членови на Партијата. Но, ваквата позиција и во двата случаи ги брише системските ефекти, структурната организираност и истрајноста на историите на опресија, нееднаквост и насилство, односно критичкото разбирање и антагонизирање во однос на патријархатот. Во „најдобар“ случај, тие се перципираат како ефект на недоволната развиеност на производствени сили и материјалните-економски услови, кои, по телеолошката и старата добра марксистичка ортодоксија, со прогресот на историјата ќе ги разрешат автоматски и патријархалните остатоци на опресијата. Сепак, преовладува аргументот дека главната одговорност се префрла на „заостанатоста на жената без обзир дали затоа им објек-

58 „Положајот и улогата на жената во нова Југославија (дел од рефератот на другарот Тито)“, *Македонка*, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 1 и „УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО ОДБОРИТЕ НА НАРОДНАТА ВЛАСТ“, *Македонка*, год. 8, бр. 83 (декември 1952), стр. 10.

тивни причини“[59]. Во сите броеви на „Македонка“ речиси и да не се споменува патријархатот како социополитичка и историска категорија за анализа и политички судир. Во оние малку примери во коишто можеме да го сретнеме зборот во употреба, тој се поврзува или со минатото или со искуството на албанската предвоена жена, со турската повоена жена или со муслиманската жена која со социјализмот „се ослободува од мракот“ и го трга ферецето (за што ни пишува подробно Ана Ашталковска Гајтаноска во овој зборник).

На сличен начин, никаде во „Македонка“ не можеме да прочитаме ниту за женската сексуалност ниту за женското задоволство, освен во оние случаи во кои тие се врзани исклучиво со репродукцијата и грижата на репродуктивното здравје, како услов за раѓање и одгледување на здрави поколенија и активни чинители на социјализмот. Освен кога работи, гласа или се собира на митинзи и конференции со други тела, телото на жените речиси целосно отсуствува во списанието. Имајќи го предвид погоре елаборираното, односно натурализацијата на репродуктивниот труд на жената и неговото затворање во приватната сфера, не изненадува ова отсуство, односно бришењето на политичката историја на женското тело, сексуалност и задоволство. Иако и децении по издавањето на „Македонка“, отсуството на задоволство и сексуална автономија во бракот на жените и надвор од него останува како истраен проблем во југословенското општество (Томиќ, 2019). И покрај тоа што репродуктивните права се проблем и стануваат предмет на дискусија во југословенското општество, особено од 1951 година, кога се прават измени во Кривичниот законик со кои се воведува релативна декриминализација на абортусот, не можеме да прочитаме ниту еден текст за ова прашање. И покрај тоа што срамот од абортус е сеприсутен и принудува многу девојки и жени да абортираат надвор од нивните места на живеење, а илегалните абортуси и големиот број на смртни случаи како

59 Ibid., стр. 10.

резултат на тоа при крајот на четириесеттите и почетокот на педесеттите се реалност со која се соочуваат многу жени (ibid.), повторно, во списанието, не можеме да прочитаме ниту една реченица за ова. Извештаите на локалните секции на АФЖ упатуваат на истрајноста на патријархалните односи, експлоатацијата и ставовите кај довчерашните соборци, а сепак не можеме да прочитаме ниту една страница во „Македонка“ за овие проблеми (за разлика од седум или десет странци пренесен говор на Тито во некои од броевите на списанието).

Ако еден од клучните аспекти на хегемониската артикулација и политичката субјективизација, како што укажува Грамши, е нурнување во и реартикулација на опстојните здраворазумски категории, верувања, вредности и концепции за светот, а со цел да се ископаат мноштвените, контрадикторни и еманципаторски значења и нивните практики, здраворазумските категории за полот, родот, сексуалноста и семејството како искуствени одредници на структурната позиција на жените и мажите опстојуваат истрајно во новиот хегемониски проект. Како што тврди и социјалистичката феминистка Кети Викс, политичката субјективизација и конструкцијата на колективен субјект е трансформативна практика, постигнување (не автоматска следственост од структурната позиција и искуство) и колективна политичка практика преку која се продуцира ново стојалиште со кое се реинтерпретираат и реконструираат животите, желбите, соништата, стремежите, афектите и телата на жените (а не само свеста), тргнувајќи токму од работните практики што се историски специфични за жените (Weeks, 2018). Но, оваа практика подразбира селективна реваloризација на специфичните практики и капацитети и нивна антагонизација, а не нивна гола репродукција. Анализата погоре укажува дека и во оваа смисла, политичката субјективизација на жените преку „Македонка“ на АФЖ изобилува со контрадикции, па ако не, на крајот, и потфрлува.

Некои истражувачки (Sklevicky, 1996; Jancar-Webster, 1990) ваквите контрадикции и неуспех ги пронаоѓаат во изгубената автономија и целосната организациска интеграција на активностите и стратегиите на АФЖ во рамките на НОФ и КП, поставувајќи ги овие две форми на субјективизација во дихотомен однос, при што, единствено првата се карактеризира како емансипаторска. Проблемот со вака поставениот проблем и пристап е дека оваа дихотомиска рамка не одговара на специфичните историски услови, како услови на радикална криза и отворените можноста за нова хегемонизација на општеството. Исто така, оваа перспектива ја исклучува дијалектичката, тензична и динамична релација помеѓу партикуларноста/универзалноста или автономијата/хегемонијата, како услов за радикална демократија и политичка субјективизација. Истовремено претпоставува дека автономното и партикуларното дејствување автоматски води кон прогресивна, успешна и демократска политизација и субјективизација. Во оваа насока, ваквата теза претпоставува дека постои некој заспиен или неоткриен интерес на жените што е надвор од практиките на политичка артикулација и врамување и ја редуцира политичката субјективизација на идентитетска логика. Како ефект на оваа претпоставка се брише мноштвеноста на субјективните и структурните позиции во коишто учествуваат жените во полето на мноштвени односи на сили и релации од коишто родовите односи се само една димензија и можна рамка на идентификација. Дополнително, ја исклучува интересната димензија на жените во процесите на мобилизација за заедничкото добро, на изградба на државата, борбата за слобода на народот, застапувањето за еднаквост и слобода на сите граѓани, критиката на капитализмот, империјализмот, фашизмот и борбата против класната експлоатација итн. – аспекти што, како што укажав во вториот дел на овој текст, се интегрални на политичката субјективизација на жените како граѓанки на социјалистичката држава и како основа за „конструкција на заеднички политички идентитет што би ги создал условите за воспоставувањето на нова

хегемонија артикулирана преку нови егалитарни општествени односи, практики и институции“ (Mouffe, 1992, 381). Конечно, тезата дека АФЖ дејствува првично во автономистичка фаза е тешко одржлива и изворите слабо го поткрепуваат овој аргумент. Барем, во случајот на „Македонка“ и македонскиот АФЖ, интеграцијата на организацијата во НОФ и нејзиното водство под хегемониската улога на КП е недвосмислено уште на почетоците, за што сведочат многубројни искази и текстови во првите броеви на „Македонка“.

Проблемот, би сакал да аргументирам, се јавува, од една страна, поради постепеното, но сигурно и, целосно исклучување и неутрализација на специфичната родова димензија и целите на борба што би се насочиле кон „трансформација на сите дискурси, практики и општествени релации каде што категоријата ’жена‘ е конструирана на начин што подразбира потчинетост“ (ibid., 382), иако за истрајноста на патријархатот, како што посочивме и погоре, не отсуствува свесност ниту во АФЖ. Клучната контрадикција што се огледува во однос на овој проблем се состои во тоа што и покрај неуморното инсистирање и сведување на политиката на АФЖ на максимата дека „женското прашање не постои, туку постојат само прашања што жените ги решаваат“ (Sklevicky, 1996, 133), сепак домените на дејствување, интервенција и активност на АФЖ јасно сведочат дека сепак постојат специфични женски прашања. Со тоа што овие женски прашања се сведуваат на природни, неполитички и неисториски феномени и практики што се изземени од политичката антагонизација, артикулација како опресивни модели и нивна трансформација. Илустративен показател на оваа контрадикција е исказ што датира од 1951 година во „Македонка“, со којшто демократизацијата на АФЖ и зајакнување на активностите помеѓу широките маси на жени треба да се засновува „на база на оние прашања за кои тие се интересираат и кои се специфични женски прашања“, на пример „жената да знае основно како треба да работи во својот дом, како да го негува детето, да

ја одржува хигиената во својата куќа, прашања за вонбрачните деца, за успехот на учениците, за детските домови, за поделбата на подароците од МДФ, за проблемите на здравственото просветување и др.“[60]

Вториот клучен проблем, сметам, е сведувањето на општествениот и политичкиот систем на нов тоталитет од страна на НОФ и КП, кој ја есенцијализира нужноста од темели на општественото и политичкото, во случајов изразени преку класниот интерес и идентификацијата на народот исклучиво како работен народ и како единствен револуционерен субјект, бришејќи ги аспектите на политичката контингентност и плуралноста и мноштвеноста на интересите. Односно, хегемониската логика на народно-демократската борба на НОФ и КП ја подрива сопствената можност, бидејќи обединувачкиот ефект или изворот на еквиваленцискатa релација ги сведува на позитивен идентитет, со што еквиваленцискатa релација се претвора во априори нужна и, со тоа, невозможна, додека ги елиминира диференцијалните моменти и ги колабира во идентитет. Политичкиот идентитет станува непосредувана суштина и го претпоставува единството на диференцијалните моменти, разоткривајќи го од неговата заспана, ембрионска состојба. Бришејќи ја нужната тензија помеѓу партикуларните/диференцијалните моменти и универзалното, КП ја елиминира основната демократска и хегемониска логика според која „универзалното произлегува од партикуларното не како некаков принцип што лежи во основата и го објаснува, туку како нецелосен хоризонт што го зашива дислоцираниот партикуларен идентитет“. Односно, дека универзалното се јавува како симбол на полнотата што недостига, додека истовремено „партикуларното постои само во контрадикторното движење низ кое, во исто време, и го потврдува својот диференцијален идентитет и го исклучува преку неговата супсумпција во недиференцијалниот медиум“ (Laclau, 1996, 28).

60 „Борба за праведен мир и готовност да се брани независноста на нашата земја, е осмомартовски завет на сите жени од Југославија“, *Македонка*, год. 7, бр. 76 (март 1951), стр. 2.

Конечно, во прашање е потфрлањето во однос на централниот политички влог, како што тврди и Тијана Окиќ, односно „прашањето на политичките стратегии во однос на целите на револуцијата и значењето на еманципацијата: конфликтот помеѓу економската еманципација и аболицијата (комунистичкото укинување) на семејството, класата и државата“ (Okić, 2016, 163) и, следствено, мноштвеното проткајување на родовата еднаквост низ различни општествени, политички, економски, културни и психолошки полиња. Или, накратко, ако НОФ и КП ја имале волјата и политичката одлучност за радикална трансформација на општеството, вклучително за поништувањето на капитализмот, за суверен судир со најголемите сили на геополитичкиот простор и радикално преструктуирање на економското производство, кога станува збор за половата, родовата и сексуалната револуција, можеме да утврдиме дека за Комунистичката партија „жените припаѓаат или на буржоаската класа или на пролетерската класа или, со други зборови, на мажите на овие класи“ (Wittig, 1992, 17).

На крајот, остануваат да одекнуваат како инсистирање на наша одговорност зборовите на една жена што ги читаме во еден од раните броеви на „Македонка“:

> „Слушајќи дека за ниф се прави муабет една другарка со многу измачен вид праша: „Другарке, новата влас ке забрани ли на мужи да пиев и пијани да биев жене?“ И нејзе и се објаснува, дека новата, слободна Македонија нема да забрани да пијат на другарите, ама условијата на животот ќе ги создаде такви, да они не ке имаат зошто да пијат, од мака да пијат како што го правеа до сега. Новиот живот носи радос за секого“.[61]

61 „Жената во Скопска Црна Гора“, *Македонка*, год. 1, бр. 1 (ноември 1944), стр. 11.